СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 63-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 7.VII1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 2, 80, 88, 89
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 9, 71, 72, 78, 79
3. АРСОВСКИ БРАНКО – 2, 3, 24
4. АНДОНОВ ТИМЕ - 59
5. АЛИУ САМИТ - 17
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 22
7. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 39, 63, 67
8. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА – 42, 74
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 35
10. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 63, 65, 83
11. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 16, 88, 83
12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 48
13. ИВАНОВ ИВАН - 68
14. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 48
15. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 50, 74
16. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 27
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 17, 36 (води седн.)
18. МИНОВ ПАНЧО – 6, 9, 61
19. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 13, 40, 75
20. НИКОЛОВ ЈОВАН - 23
21. ПОПОВСКИ КИРО - 86
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 1, 31, 88
23. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 57
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМОИСЛАВ – 28, 34, 35, 67, 68
25, САБРИУ ИЛИЈАЗ – 17 (министер за труд)
26. СИМЈАНОВСКИ НАУМ – 12, 21
27. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 10
28. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 66
29. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ - 61
30. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 70
31. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 26, 34

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на 63-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јули 1993 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Наќе Стојановски, Душан Трпчевски, Назер Зибери и Зоран Крстевски и Љубисав Иванов и Божо Рајчевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **23-та точка** - Предлог на одлука за утврдување на стапката за придонесот за вработување во 199 3 година.

Предлогот на одлуката, извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата, ви се доставени односно поделени.

Ве молам, имаме ли ние претставници од Владата. (нема)

Веднаш службите да ги повикаат претставниците на Владата.

Владата дава мислење по ова прашање, меѓутоа да не направиме грешка без Владата, не можеме така да работиме, бидејќи некој се оптоварува за оваа работа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека за точката Ставка на придонес предлагач не е Владата туку се двајца пратеници, процедурално сакам да ми се објасни дали Владата мора да биде присутна, дека предлагачите го имаат добиено писмено мислењето од Владата и не сметаат дека и таа да биде присутна.

I/2 рд/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата дава мислење, но за целата состојба по Уставот си одговара Владата. Овде се донесуваат акти со кои се оптоваруваат субјектите во Македонија. Тоа е една самостојна извршна власт. Ние дали имаме во областа што таа одговара право, заради тоа што по старите прописи и закони сеуште работиме, па тие права на предлагачи сега го пренесуваме на пратениците во согласност со Уставот, но вистинскиот субјект што го подготвил е друг. Се разбира, да видиме дали ќе направиме ние овде аранжман да си работиме без Влада да донесуваме акти кои се донесуваат на нашиот живот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што господинот рече дека не би било потребно да биде присутна Владата тука заради тоа што процедурално предлогот за стапката произлегува од двајца пратеници, јас имам сосема спротивно мислење. Мислам дека едно многу важно сушпилно прашање кое го разгледуваме денеска и покрај тоа што се работи за една одлука, со која одлука пред- видуваме една стапка од 08 е многу важна за областа која ја покрива.

Денеска ние се соочуваме со многу сериозни проблеми во оваа сфера. Јас потоа ќе станам да дискутирам за овие проблеми што нашите граѓани ги чувствуваат овие проблеми и не случајно ресорното министерство за труд и социјална политика и министерството за финансии, барем тие две министерства треба да бидат присутни, од причини што стапката зафаќа дел од доход и мислам дека тука треба да се брани и стапката, меѓутоа и проблемите кои се врзани за стапката. Стапката покрива големи права кои ги создадовме ние овдека како Парламент, односно како собрание, односно како Влада. Во таа смисла, нелогички е, некоректно е без Владата да расправаме за едно многу суштинско прашање, без разлика, можеби деловнички е исправно што

I/3

предложи Никола. Меѓутоа, го има овдека суштината на проблемот кој треба да се расправа, бараа да биде присутен некој од Владата заради образложение, корекции итн. итн., бидејќи овдека има прашања за кои треба да се искаже и Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака ние сега ќе навлеземе во расправа по ова, но за одлучување би требала да биде присутна Владата, бидејќи Владата може да ни префрли дека си одлучуваме по вакви работи сами. Веднаш претставник на Владаат нека се извести дека треба да дојде а ние да продолжиме со работа.

Предлогот на одлуката, извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за финансирање и буџет, законодавно - правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

И покрај тоа што сега предложивме да биде Владата тука, меѓутоа еве Владата не е присутна, јас сакам почитувани пратеници да ве потсетам за некои обврски кои произлегуваат од оваа стапка 08, што и нашата Комисија односно матичната комисија за труд и социјална политика и Комисијата за финансии ја разгледуваат и дадоа свои заклучоци и имате веќе пред вас извештаи.

Ова Собрание и претходното собрание и Владата, врз основа на некои позитивни законски прописи создадоа некои обврски, а пред се преку Законот за вработување, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствената заштита, Законот за општествената заштита итн. Во таа смисла оваа стапка, односно е во

функција да ги покрива сите овие права кои произлегуваат од овие неколку и другите закони. Меѓутоа, анализирајќи ги сега состојбите, бидејќи оваа стапка не се менува таа стапка била и од претходната година, меѓутоа проблемите останале и во текот на оваа година, сакам да укажам на неколку работи, заради тоа што и оваа стапка што се предлага со Одлуката, без разлика на тоа што сте усогласени, односите помеѓу Заводот за вработување, Републичкиот завод за вработување односно Советот и министерството, јас имам едно сомневање во тоа дека оваа стапка ќе може да ги- одмири сите тие права и обврски што произлегуваат од позитивните законски прописи, а тоа практично денеска го има.

Еве само да ви спомнам неколку работи. Со оваа стапка треба да се покријат правата на паричен надоместок за време на невработеност на 13402 лица од кои 923 по основ на стечај, а 2479 како сезонски работници кои престанале да работат. Се знае дека сезонските работници работат 9 месеци, останувaат уште три. Од овие 13402 лица невработени ги користат правата на пензиско и инвалидско осигурување. Значи тие лица што доаѓаат под стечај, еве како на пример ЧИК во Куманово, сите 3500 работници се под еден активен стечај и треба да дојдат во Заводот за вработување и да ги користат сите овие права. Сакам да укажам дека правата по ~овој основ, по овој закон ќе се зголемуваат и во тој однос ќе дојде во прашање стапката што треба да обезбеди одредени средства за да ги покрие овие обврски.

Само да кажам дека 27072 илјади невработени лица треба да користат според Законот за здравствена заштита целокупна здравствена заштита врзан за Законот за здравствена заштита.

Јас ќе ви кажам еден проблем кој деновиве е присутен и не случајно барав и Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да бидат присутни. Нашите граѓани, кои се под заводот за вработување, без разлика зборувам за целата Република, тие немаат зелен картон, ниту имаат шанса да ги користат услугите на здравствена заштита. Ние сме дојдени во ситуација да имаме породување во болница а семејството да не може да си го земе детето и жената од болница заради тоа што вол одредени центри треба да плати 500 до 700 Стари милијарди. Да се прашаме дали овие семејства можат. Имаме икс барања од одредени странки, а верувам дека ова е присутно во сите средини посебно овие граѓани да не можат да си ги подмират, односно да си ги користат своите права, според законот за здравствена заштита, заради тоа што Републичкиот завод не можел да ги подмири обврските спрема Фондот за здравствена заштита. И покрај тоа што се работи за исти пари, републички средства, еве ингеренцијата, надлежноста е на Републичкиот завод за вработување, а тој е немоќен да ги собере средствата преку оваа стапка, а исклучиво оваа стапка е наменета за овие права. Значи се доведени во прашање 27 илјади граѓани во Република Македонија да не можат да користат здравствена заштита бидејќи тие немаат ни средства, а мораат приватно да ги плаќаат и подмируваат. Ако го земеме факторот четири тогаш околу 5 0 до 60 илјади граѓани треба да го користат ова право.

Згора на тоа сега се доведува прашањето на околу 488 лица кои треба да упатени на рехабилитација, бидејќи и тоа право се користи спрема овој закон. Сакам да укажам на тоа дека проблемот кој произлегува од оваа стапка, односно денеска што треба да расправаме за стапката, можеби Министерството за труд и социјална политика, можеби и Владата, можеби и Министерството за финансии треба да

укажат дали оваа стапка од 08 ќе може да ги подмири сите овие обврски или ќе треба некое дополнување или измена на самата стапка, или во случајот државата да партиципира од Буџетот, за да може да ги подмири, инаку во спротивни јас верувам, тука е директорот на Заводот, можеби ќе каже сепак овој завод се наоѓа во многу тешка положба и не ќе може да одговори на обврските што ние ги донесовме според постоечките позитивни законски прописи. Во таа смисла, јас како пратеник се сомневам .дека предвидена стапка од 08 ќе може да ги подмири сите овие обврски, макар да има одредени проблеми по самите зафаќања.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, оваа одлука што се предлага на усвојување пред Парламентот фактички е единствениот извор за финансирање на правата кои според законот за вработување им се дава на лицата кои се наоѓаат под статус како привремено невработени.

Ние како Собрание на Република Македонија, покрај тоа што донесуваме закони, а ја имаме и законодавната функција имаме надлежност да ги следиме и контролираме спроведувањето на тие закони што сме ги донеле и баш во однос на овој закон, каде што оваа одлука е еден пропис од која произлегува единствениот извор на финансирање, состојбата е катастрофална, така што без малку ја изнесе и претходниот дискутант, односно правата кои на лицата кои се наоѓаат на евиденцијата на заводите за вработување кои им следуваат според законот за вработување, во многу или половично се остваруваат, или се остваруваат со големи проблеми, или поради факторот на материјално финансиски средства и не се остваруваат. Така да само ќе ги нафрлам тие проблеми кои претходно беа искажани исплатата на паричниот

надоместок доцни по 3,4 месеци, бидејќи се зема просек за три месеци наназад, така да тој просек се зема, а и се доцни три месеци, износот е така симболичен, што во сегашните услови на стандардот на живеење изгледа толку симболични, што воопшто не одговарале на вистинските трошоци на живеење и остварување на функцијата што ја има тој паричен надоместок за овие лица кои се наоѓаат на евиденцијата на заводите за вработување.

Понатаму, некои од правата како што се еднократна исплата на паричниот надоместок е веќе нереалност и не се практикува, докупот на стажот како право и со нереалности не се практикува, така што фактички нема финансиски средства преку овој извор на средства.

Мојата заложба е во правец на тоа надлежната институција односно Републичкиот завод за вработување, а обавезно и надлежното министерство кое во овој момент на расправа по ова прашање е отсутно да дадат од аспект на согледување и анализа на состојбата во однос на остварувањето на правата за време на привремена невработеност, дали овој процент на стапка ќе ги задоволи постојните права, плус што и ние како пратеници неколку од нас од Кавадарци, Битола и Велес имаме доставено закон кој што превидува и проширување на постојните права за привремена невработеност во однос на периодот на примањата на паричниот надоместок, продолжување на периодот на правото на пензиското осигурување и зголемување, на овој претходно што кажа многу симболичен износ на паричен надоместок. Ние во Уставот се деклариравме како социјална држава, мислам дека состојбите се така алармантни тензиите социјални се така обременети што како собрание и воопшто како држава е неопходно да се преземат такви мерки кои ќе воспостават рамнотежа на толерантно социјално живеење на оваа структура на социјално загрозено население.

Во таа функција е и моето инсистирање надлежните органи, Заводот за вработување, а посебно и министерството чие доаѓање го очекуваме, да се изјаснат дали со оваа стапка на придонес за вработување ќе се задоволат овие потреби, односно дали на граѓаните дна кои им следуваат тие права според Законот ќе можат нормално да ги остваруваат и евентуално дали со пораст на оваа стапка и можностите за обезбедување на поголем квантум на финансиски средства и да се размислува и да се предлагаат комплетни законски решенија со зголемување, односно проширување на овие права.

Алармантен е и под итно треба да се најде решение за проблемот на здравственото осигурување на невработените лица.

II/1 JM/OM

**ПАНЧО МИНОВ**(продолжение)

Тоа во паралела треба да се размислува со правото нивно стекнато по Законот за здравствена заштита, финансирањето со овој попис се регулира, правата се паралелно утврдени и во Законот за вработување и во Законот за здравствена заштита, а голем број на граѓани сврзано преку нив кои се на евиденцијата на Заводот за вработување и што има тенденција на нивно зголемување па сфатено и преку аспект да во голем број на фамилии се тие единствените осигуреници здравствени и голем број на нивни членови на нивните фамилии моментално се наоѓаат без стекнато право на здравствено осигурување. И Владата треба најитно да изнајде решение во однос на стекнување на право на здравствено осигурување за оваа категорија на население која и онака и по социјалната состојба е на разината на социјално загрозени.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, многу интересна тема во еден период кога ние веќе влегуваме во една етапа нова во општиот живот на државата. Пред неколку дена ние го донесовме Законот за приватизација на општествениот капитал. И веднаш се поставува прашањето, ако настапи општа приватизација на целиот општествен капитал, се поставува еден голем прашалник каде ќе се најде стапката за придонесот за вработување и кои лица и каде ќе се вработуваат. Ова е една интересна тема. Како ќе дојде до вработување на човекот. И каде ќе се вработи ако целиот капитал падне во приватни раце. Дали некој ќе биде моќен некого да вработи. Бидејќи ние веќе тргнавме по тој пат мене ми се чини добро ќе беше ако тука беше присутен и министерот за труд и министерот за финансии за да ми одговорат на две прашања кои моментално ги

поставувам пред ова Собрание, а тие се следните: при трансформација на капиталот, на општествениот капитал во целосна1 приватизација од каде ќе се најдат и колкав ќе биде самодоприносот за вработување и кои луѓе ќе се вработуваат по категории? Тука сега спаѓа и здравственото осигурување, некој треба да му плати, кој ќе му плати, тука спаѓаат многу по ред вака поврзани во една, животот општо на човекот кој ќе остане без работа. Јас знам дека ако дојде до тоа Заводот ќе му плати, Заводот нема такви средства, ќе плати за еден месец,два, или за една година, од никаде не се влеваат средства и готов е човекот, останува на улица.

Второто прашање, што презема Владата, односно дотичните министерства на целокупниот одговор при приватизацијата на сите општествени, на цел општествен капитал. Тие се многу тешки прашања и дали тие можат да се реализираат, затоа што овде многу убаво зборува: предлог за одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување. Кои таму ќе внесе пари? Кој ќе внесе пари во таа стапка кога веќе е приватизирано.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, кога зборуваме за стапката за вработување треба да имаме во вид дека прво, постојното работно законодавство и Законот во сферата на вработување се основа која овозможува продукција на бројот на невработени те. Сега имаме регистрирано 172 илјади невработени од кои што 140 илјади вработени добиваат здравствена заштита заради тоа што во семејството има носител на осигурување и таа категорија на невработени не претставува оптоварување за Фондот за здравствено осигурување.

II/3.-

Меѓутоа, укажувам на следното. Постојат 32 иљади невработени и мислам дека таа бројка е толку голема само заради една цел да се здобијат со правото на здравствена заштита. Мислам дека продуцирањето на оваа категорија на вработени е сосема неисправно, односно само со една цел да се дојде до здравствено осигурување. Ова го тврдам со тоа што голем дел од тие што се регистрирани како невработени, членови од нивните семејства работат во странство. Според тоа, фамилиите се обезбедени , меѓутоа заради користење на дорастена заштита,зошто да не, кога дозволува Законот ,ќе се приавиме во Заводот за вработување, ќе побараме работа, а работа нема, тоа е позната работа, но ќе дојдеме до остварување на едно право, т.е. ќе учествуваме во бесплатна здравствена заштита. Од ова произлегува дека одговорно е Министерството за труд и социјална политика да изврши една експлорација на оваа структура на невработени и да ги дефинира кои невработени од оваа структура можат да користат здравствена заштита по основ на невработеност. Ова го велам од аспект на тоа што во приходниот дел оваа структура на вработените во Фондот за здравствено осигурување учествува со 0,8% , додека во расходниот дел некаде повеќе од 20%. Тоа значи дека во оваа структура на невработени се наоѓаатл1осигуреници за здравствена заштита кои што го нагризуваат Фондот аз здравствено осигурување, односно ги нагризуваат граѓаните кои што се учесници во Фондот за здравствено осигурување.

И како заклучок, Заводот аз вработување не може да биде чадор кој ќе прибира се за да го добие правото на здравствено осигурување а има членови на нивното семејство кои што многу подобро заработуваат отколку граѓаните во Република Македонија, а работата во странство.

II/4.-

Јас ова прашаше по втор пат го поставувам и барам навистина една експертна анализа и растеретување на Фондот за здравствено осигурување од оваа категорија на осигуреници, а од тука и стапката од 0,8% е оптеретена со оваа нова категорија на граѓани кои што на еден , да реча: не легален начин се инфилтрираат во заводите за вработување се со една цел добивање здравствена заштита на товар на другите граѓани.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ.**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мојата дискусија ќе биде надоврзување на дискусиите од моите претходници од оваа говорница кои го третираа ова прашање на стапката за вработување. Очигледно е дека сите негови укажувања, а и моето укажување е дека со изгласувањето на оваа стапка ќе се јави, веќе е јавен, а и се повеќе ќе се продлабочи тој недостиг на средства за задоволувње на сите потреби со закон загарантирани на невработените лица кои се детерминирани по различни основи. Мислам дека најзагрозена категорија од тие невработени е категоријата на стечајни работници кои се цирка статистички искажано 10 илјади 923 лица во Македонија. Тие се третирани со повеќе закони, со Законот за вработување на кој последна измена е извршена во 1989 година каде нивното право загарантирано со овој Закон, за користење на тој паричен надоместок ,е пролонгирано над 30 месеци. Но, сите знаеме и свесни сме дека во овој временски период од 4 години од 1989 до 1993 година значајно се изменети условите на стопанисување во република Македонија, нагло е зголемена социјалната зависност на овие невработени лица. Така што тој проблем со овој паричен надоместок се повеќе и повеќе се продлабочува во Република Македонија. За решавање на проблемот на стечајните работници пред неполни два месеца имаше прво,укажување на господинот пратеник Панче Минов по кој Владата достави соодветно мислење. После тоа укажување на

господинот Панче Минов група пратеници предложи предлог на закон за измена на Законот за вработување со предлог за пролонгирање на рокот за субвенционирање на стечајните работници од 30 на 42 месеци. Мислење на Владата по овој Предлог на закон до денес немаме званично добиено. Така што мислам дека и со одредувањето на стапката, предложувањето на стапката и задржување на истата од 0,8% овој Предлог на закон не е адекватно третиран, затоа што со овој предлог на закон ако дојде до негово изгласување ќе треба и одредување на одредени финансиски средства. Така што таа финансиска дубиоза која ќе се јави навистина треба соодветниот министер за труд и социјална политика и министерот за финансии на оваа говорница да објаснат како истата ќе се надополни. Бидејќи во предлогот на Буџетот за оваа намена дополнителни средства не се обезбедени како ставка. Така што навистина ќе треба да се даде едно посеопфатно објаснување како ќе се пополни оваа празнина што се јавува со загарантираните со закон права на оваа категорија на луѓе , на оваа категорија на стечајни и невработени лица.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сега веќе јас ќе почнам со народната поговорка "ни дојде умот, ама си отиде кумот". Според претходните дискутанти кои во своите дискусии .изнесоа дека и покрај ваквите предлог на стапка за усвојување нема да ги задоволи потребите со оглед на тоа што нема доволно да покрива пари за сите што се под социјално осигурување и друго . А јас сметам дека не само што ова нема да ги покрие , туку уште колку и да ги зголемиме пак нема да ги покрие, затоа што со ваквото темпо на нашето развивање на стопанството, со примање на плата по 5, 6 месеци уназад и со 3, 4 месеци , со примања во натура и други работи, со неплаќање на придонесите и другите , а најважно со Законот бројот на претпријатијата

под стечај ќе се зголеми и тогаш ќе се зголеми бројот на работници за такво користење, а ќе се намалат давачките со тоа што голем број на работници ќе бидат под стечај ќе се зголеми бројот на ваквите корисници. Не туку така ова сега сакам да го поврзам со Законот за трансформација, за приватниот капитал кога предложив јас во амандманите дека при сите издвојувања требаше да издвоиме средства за стечајните работници и други работници, па после другото да го продаваме, трансформираме за да обезбедиме една егзистенција во однос на личните и здравственото "осигурување, после што ќе останеше да го продаваме со лажни акции на неколку моќници , а со ваквата политика ги тераме само работниците да страдаат и да се молат пред вратите на социјалните установи и здравствените и кои што не ќе можат да ја обезбедат најминималната егзистенција,односно за исхрана на својата фамилија , за носење леб дома. Затоа јас не го поддржував тој Закон тогаш со оглед на тоа што не мислевте дека вака ќе се создаде уште поголема невработеност. Сега на овие вработени ние и 50% да им ги товариме давачктие за здравствено осигурување и другите социјални давачки, нема да ги покријат, затоа што утре ќе се јават уште многу стечајни претпријатија, многу безработица кои ќе чекаат на тоа. Од каде ќе ги покриеме тие? А дозволивме да се трансформира со лажни акции и невложени средства да откупат и да се создадат вакви социјални немири. Значи намерно се прави, за да можат да ги добијат претпријатијата моќниците ги блокираат сметките, ги праќаат под стечај претпријатијата и за да не можат утре да му противречат и за да можат да ја спроведат истата работа што е намислена. Требаше ова да се стори тогаш, а не сега. И затоа од оваа каша сега не ќе можеме да извадиме со 0,8% издвојување , туку и со 18% нема да задоволи , затоа што ние не мислил кога носиме закони, не ги цениме настаните

уназад,што ќе дојдат. Еден закон кога се носи во Европа се цени за 15,16 години однапред, 5,6 години уназад што ќе следува, какви последици ќе има, да бидат на дискусија на широката маса еден месец, два месеци, па после тоа да се донесе законот, да се исцрпат сите извори . А ние што правиме на трчање овде и сега што ќе правиме, ќе ги менуваме стапките.

Не да ги менуваме стапките, туку и плативе да ги оставиме вработените нема да задоволиме.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на оваа точка само искажуваме фактичка ситуација а инаку според прописите сме надлежни да предложиме конкретни решенија. Инаку надлежна е Републички завод за вработување и Собрание Владата само дава мислење. Инаку овој предлог од 0,8% е фактички е од претходната година, ние ништо не нудиме. И самата Комисија е во противречност. Во извештајот вели поддржувајќи ја стапката 0,8% , а овде се вели не може да се разреши со тоа решение.

Сметам дека треба да се одложи оваа точка, да се размисли, да се даде економска анализа во однос дали да се преиспита стапката од 0,8% или да се изнајдат конкретни решенија кои ќе се наведат и со економско покритие и тогаш да се произнесеме. Инаку вака јас сметам неопходно сите одиме на нова стапка за вработување, во случајот за да ги ублажиме ситуациите.

Друго што велиме дека многу се на товар на Заводот за вработување ги користат овие права, а тие принудно не се внесуваат во евиденцијата се економски најјаки. Треба да си најдат инструменти, Заводот за вработување да најде токму оној кој има право да ги користи спрема економска состојба. Ние во случајов, јас сметам овој пат не ќе можеме да решиме, сеаразидуваме, стапката останува 92/0,8,а нити можеме да интервенираме и ако се ускратуваат правата точно да се наведе со Предлог кои права да се ускрата. Во случајов јас сметам дека треба и работна група да се формира од Собрание оваа проблематика да ја преиспита и да предложи или нова стапка за издвојување за вработување Или ускратување на правата и да предложи или нова стапка за издвојување за вработување или ускратување на правата точно кои права и со кои економски ефекти. Инаку вака ние само кукаме има потреба ова, има потреба она, и во таа смисла јас сметам да се

одложи, да се изготви нов  предлог за тоа. Инаку, оваа стапка ја сметам сосема мала независно од мислењето на Владата, стапката на оваа анализа треба да се зголеми стапката во плус или да се направи нова математика кои права да се скратат.

**САМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство, немав намера да дискутирам меѓутоа ме натера обичниот и евтиниот маркетинг што го направивме од оваа говорница. Евтин е маркетингот поради тоа што состојбите во нашата Република ние ги знаеме и социјалните слоеви, а никој од дискутантите не слушнав или подобруваше на законските пропис или на кој начин тоа треба. И, трето што е многу интересно ова Собрание го донесе буџетот. Оваа стапка сме ја имале во буџетот или не е аналитички приодот во буџетот, тој ден требаше да се дискутира, а денеска слушам само еден обичен и најевтин маркетинг. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот министер за труд и социјална политика Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господо.

Мислам дека денеска на дневен ред пред Собранието се наоѓа оваа одлука која Собранието треба да ја донесе по мислење на Владата бидејќи ние такво мислење сме доставиле во писмена форма на 1.06.оваа година. Тука беа изнесени многу работи и на Комисијата и овде денес на оваа расправа. Стапката нема никакво зголемување ниту намалување. Оваа стапка се применува и во 1992 година и таква стапка се предвидува и се предлага денес Собранието да ја донесе односно да ја усвои стапката 0,8% придонес од личен доход за намената за Заводот за вработување на Република Македонија.

III/3

Сигурно е дека држат сите овие ваши укажувања дека со една ваква стапка, во едни вакви услови на стопанисување во РМ во оваа и во многу други прилики се судруваме и ќе се судруваме во наредниот период дали ќе можеме да ги обезбедиме сите тие права со едни вакви минимални средства кои се обезбедуваат или на некој начин се врши трансмисија од година во година. По наша оценка, на Владата, сигурно дека во наредниот период ќе се судриме со вакви проблеми и веројатно ќе можеме надлежните органи, тука е Заводот за вработување да предложи на Собранието да донесе стапка која што треба да биде што поголема од оваа доколку сакаме да ги оствариме сите права кои што досега им следуваат на работниците во законот за работни односи.

Јас само да кажам дека пред Владата се наоѓа Законот за работни односи кој е доста респективен и во оваа област. Така да мислиме дали ќе останат сите права кои досега ги користат работниците за време на невработеноста и стечајните работници во наредниот период.

Еве на пример да кажеме дали во наредниот период и детскиот додаток и натаму ќе мора да се плаќа и за оваа категорија. И, ред други, но не е на дневен ред таа работа и не би сакал да прејудицирам некои решенија кои се во Законот за работни односи таксативно кажани и за неколку дена , на утрешната седница да оди, па потоа веројатно ќе дојде на Собранието.

Исто така мислам дека пред Владата се наоѓа една информација. Ние следејќи ги состојбите во областа на вработувањето во ПИО за тоа да отвораме проблеми, таму има доста тешки проблеми, во оваа област Заводот за вработување достави една детална информација која денеска ја бараат некои пратеници да дојде пред Парламентот за што мислам дека Владата и те како тоа го прифаќа и поддржуваме еден таков предлог за една од наредните седници, а веројатно многу брзо треба да дојде бидејќи состојбите се алармантни, да дојде пред

Парламентот една детална информација за состојбите финансиски, физички колку вработени и колку невработени користат, колку стечајни работници и веројатно со предлог за зголемување на стапката бидејќи со овие 0,8% до крајот на годината некои права мислам дека не ќе можеме да ги обезбедиме, посебно здравственото осигурување на невработените лица во РМ. Од тие причини мислам дека во таа информација добро е да расправа Парламентот и тогаш може да расправаме дали ќе одиме на зголемување на стапка или нема да одиме на зголемување на стапка. Ц

Инаку, само за одговор на неколку прашања што беа овде покренати, Законот за трансформација кој беше донесен пред извесно време од ова Собрание таксативно е кажано дека еден дел од тие средства на трансформацијата ќе одат во Фондот за ПИО и за повторно вработување на стечајните работници односно работниците кои што ќе останат без работа. Така да, мислам дека во тој закон добро е дадено едно такво решение и цениме дека колку ќе биде тој капитал поголем во законот за трансформација сигурно и тој дел на тие средства ќе биде поголем за решавање односно за повторно вработување преку нови програми на оваа категорија на работници кои би останале без работа.

Инаку, сега да ве информирам дека во Македонија имаме околу 15 илјади стечајни работници и тоа 11 активни кои и ден денес се пријавени во Заводот за вработување, кои користат паричен надоместок, а 4 илјади од нив се повторно вработени во други претпријатија и средствата од овој Завод се плаќаат во тие работни организации односно во тие претпријатија. Цениме дека овој број може да се зголеми до крајот на годината, но затоа имаме други анализи и реков од тие закони да се преливаат средства тука да ги надминеме состојбите и во оваа област.

III/5

Најкрупен проблем тука претставува проблемот на здравственото осигурување на невработените лица односно на стечајните работници, И, тука се води битка со министерството за здравство, но во текот се некои решенија во таа област и тука да кажам од вкупно 170 илјади невработени во Македонија, 37 илјади само користат здравствено осигурување. И за оваа бројка ние немаме пари тоа да го исплатиме се и сега одиме само на некои интервентни решенија во итни случаи заради тоа што немаме пари да ги платиме, но до колку дојде до договор Министерството за здравство бидејќи државата треба да плати од ден завод во друг завод односно од еден Фонд на друг Фонд веројатно ќе се најдат решенија за што јас сум оптимиста. До колку не, ние мора да платиме толку колку што кошта здравственото осигурување на овие работници бидејќи тие проблеми ќе ни се појавуваат во областа на здравството

Затоа, мислам дека, добри беа овие дискусии, овие укажувања денес, веројатно износите се ниски, но тие се тие законски решенија, сега е паричен надоместок на стечаен работник кој изнесува 70% од просечна плата во стопанството во последните 3 месеци. Ние немаме некој поголем износ на средства со кој би оделе на проширување или на зголемување на тие права затоа мислам дека денеска е добро Собранието да ја донесе оваа одлука, а да ја задолжиме Владата односно ова ако го прифаќаме ние, бидејќи таа информација е веќе пред Владата бараат позајмица од буџетот од Заводот за вработување да дојдеме уште еднаш сите да расправаме поаргументирано со таа информација со аргументи и доколку се утврди и се укаже на потребата за зголемување на стап- ката тогаш би расправале и би предложиле и зголемување на стапката. Денеска не можеме ние како Владата да дадеме предлог за зголемување или за намалување на оваа стапка. Но, оваа стапка која денеска е тука мислам дека треба да биде донесена и со максимални напори и на Заводот за вработување и на Владата и на

надлежните органи мислиме дека во извесна мера ќе можеме да ја држиме тензијата во областа на невработените лица посебно со средствата од програмите за социјално загрозеното население бидејќи оваа категорија на невработени голем број на лица на работници користат средства од тие програми за кои исто така од буџетот беа обезбедени доволни средства.

Еве да не должам, предлагам во името на Владата да биде донесена оваа одлука бидејќи ние ја поддржуваме како Влада, а Собранието е тој орган кој треба да ја верифицира односно кој треба да ја донесе одлуката за стапката за вработување во РМ' во 1993 година а доколку се укаже потреба како што реков во наредниот период веројатно ќе одиме на зголемување. Не се надевам дека ќе одиме на некое намалување на стапката. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам што со мало задоцнување барав збор за реплика на искажувањето на пратеникот Хамид Алиу, но бидејќи му беше даден збор на министерот затоа му дадов предимство и не реагирав. Имено, реагирав на искажувањата на господинот Хамид Алиу на оваа тема со дискусиите на претходните дискутанти меѓу кои се наоѓав и јас да се прави евтин маркетинг. Па, господине Алиу ако барањето на група пратеници од Битола за изготвување на информација за состојбата на стечајните работници во Македонија која Владата ја изготви и достави во која и министерот кажа дека ова Собрание ќе треба да расправа, барањето на пратеникот Панче Минов од Кавадарци за промена на законот, званичниот предлог на Закон за промена на законот за вработување од пратениците Панче Минов, Наум Симјановски, Тодор Димов и Драги Гроздано се евтин маркетинг, тогаш останува Собранието

да заклучи кој е евтин маркетинг, дали овие званични барања кои се во собраниска процедура, или вашите. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

После дискусијата на министерот испаѓа дека државата навистина води многу голема сметка иако на мегдан нема навистина ништо од тоа. Јас можам слободно да ви кажам дека, се додека оваа држава и оваа Влада не направи конзистентен и даночен систем состојбата во вкупната надградба во државата како ќе биде финансирана ќе се поставува проблем. Јас слободно можеме да кажам дека иако течат пари покрај нас таа не наоѓа систем за прибирање на средствата за тие пари да ги пласира таму каде што им е намената. Ние и во овој момент мислам дека тогаш кога го формиравме тој за мене балансиран буџет, буџет кој што и во самиот почеток е дефицитарен, буџет кој што не планира средства за отплата на долговите, буџет кој што не планира средства за отплата на кредитите на нашето население, буџет кој што не планира средства за развој на аграрот итн. ние уште од самиот старт сме веќе дефицитарни . Мислам дека ако не може нешто друго барем во овој момент Владата мора да изготви стратегија и концепт како ќе ја покрива вкупната надградба во која што е еве да речам и здравствената заштита на невработените и други социјални потреби оваа држава како ќе ги покрива Инаку ќе се најде навистина во овој период на транзиција на нашиот економски систем, многу категории од нашето општество ќе бидат загрозени.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Јован Николов.

III/8

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, доста се дискутираше во врска со предлогот на стапката која што фактички во суштина не менува ништо затоа што не се бара ни зголемување ни намалување, но се изнесоа одредени проблеми кои што стојат во заедницата за вработување. Мислам тие и понатаму ќе постојат се додека не се разрешат и други проблеми. Се надоврзувам на предлогот на Министерот за труд и социјална политика со една комплетна анализа да се излее за овие состојби, но мислам дека треба да се направи една друга анализа. Колку во делот на пријавените во Заедницата за вработување имаме луѓе кои што работат во приватни и мешани работни организации, а инспекции за труд не можат да ги пронајдат, а тие за жал во поголем број и примаат и социјална помош. Мислам дека тука постои една аномалија во тој дел на инспекциските служби, мислам во делот на инспекциските служби од трудовата и другите инспекциски служби. Па според тоа во телот на анализата ако се види колкав е тој број, а јас мислам дека во трансформацијата на капиталот тој број е доста голем се водат како пријавени во Заводот за вработување, примаат социјална помош а фактички се вработени, ви за ви оние кои што навистина не се вработени ни во јавните ни во општествените служби односно претпријатија а и не можат да ја добијат онаа соодветна социјална помош без да се направаа критериуми каква ќе биде и колку и кому му вреди таа помош. Мислам без тоа не ќе можеме да ги расчистиме односите.

Има една неправичност ви за ви едните кои што се борат за егзистенција а не можат да ја добијат тоа е идеал на стечајните работници, таа помош од Заводот за вработување, а други можеби користат по два основа, по основ на невработеност и основ на личен доход како непријавени работници во мешаните и приватните претпријатија. Благодарам.

III/9

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам по втор пат меѓутоа морам да реагирам на нашиот драг колега Алиу дека ние претходните дискутанти бевме комичари, меѓутоа тоа е негово ниво нека тој размислува ^'а тоа меѓутоа ние сигурно и јас меѓу тие дискутанти направив напори да дадам еден пресек на состојбите во рамките на Заводот за вработуваше бидејќи во детали ги познава овие проблеми, а можам да укажам дека оваа стапка сега што се нуди само ја прифаќам од формален аспект. Јас ви тврдам дека во суштина оваа стапка не обезбедува многу голем број на средства за да ги подмират сите обврски кои ги имаме таму. Јас ќе ви кажам само со еден финансов план еве на Завод за вработување покажува дека во првите 3 месеци не достасуваат 1/3 од средствата за подмирување на средства. Бројките покажуваат. Значи ние сме создале толку права според одредени законски прописи меѓутоа обврската која ја имаат тие закони не можеме да ја подмириме со оваа стапка.

И во таа мисла од формален аспект ја прифаќам заради тоа што треба да се донесе некаква стапка, можеби формално не треба да се донесе заради тоа што не се менува претходната година, меѓутоа во рамките на подмирување на правата тврдам дека има голема резерва и средства заради тоа што најургентно е сега прашањето за решавање на здравствената заштита на како што рече министерот на 37 илјади лица кои чекаат на врата и не знаат што да прават. Замислете го Медицинскиот центар, еве низ примерот на Куманово ќе ви кажам детето е родено во болница не може да излезе од болница заради тоа што треба да плати 700 стари милијарди бидејќи нема зелен картон. Оди во Заводот, не може Републичкиот завод не ги измирил сите обврски спрема фондот. Тогаш што Значи тоа е сериозен проблем. Медицинарите за тоа велат шок терапија.

Треба веднаш да се реагира за да уште од утре тие лица примаат такви картони, па нека биде селективно. Благодарам.

IV/1/пј/см

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Овие средства да се соберат какви - такви во овој момент и може да се прошири кругот на обврзниците и оние на кои треба да ги измирува обврските по овој основ. Овде се мешаа работите со Буџетот, оваа работа со Буџетот нема никаква врска. Затоа да не ги мешаме работите.

Што се однесува до одредени колеги кои им е многу жал за стечајните работници, оваа држава само по овој основ, веројатно, не ќе може да издржи да обезбеди некаква егзистенција за стечајните работници, ниту пак на тие луѓе многу им треба таква работа. Јас би ги замолил истите колеги да се заложат за реактивирање, за враќање на работа на тие луѓе, веројатно така на многу повеќе ќе им помогнеме. Инаку, ако се обидеме сега овде да ги штитиме оние кои ги доведоа претпријатијата во стечај, оние кои ги испуштаа работниците и за сметка на тоа државата да им го бере гајлето на тие стечајни работници, а притоа само еден извор предлагаме да се зголеми стапката на придонесот за вработување, мислам дека ништо нем практично да направиме. Прашање е со зголемувањето дали нема да се зголеми бројот на оние обврзници кои ќе плаќаат придонес по овој однос. Затоа, треба да с! води строго сметка, а не само да се предлага одредени промени во закони, во одлуки, зголемување и слично, а притоа масата на средствата да се намалува. Затоа, сметам дека оваа стапка, оваа одлука треба да се донесе со оваа висина на стапка како придонес за вработување и средствата да се собираат, ништо повеќе.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, следејќи ја дискусијата на министерот сфатив дека еве на пат сме да направиме иста грешка како кога се донесуваше Буџетот. Предлог на закон за измени на Законот за здравствена заштита, веројатно денес ќе го разгледуваме. Таму беа понудени активности кои ќе влезат на товар на Буџет, а буџетот се донесе. Имавме амандман во Комисијата за здравство, се усвои амандманот, потоа министерот за финансии го поништи со нов амандман и сега пак трчаме како ждребе пред рудо што викаме. Министерот убаво кажа информација треба да се изготви и веројатно многу брзо ќе дојде на дневен ред барем така слушнав. Ако е така и ако повеќе дискутанти овде истакнуваат свои мислења, а и претседателот на Комисијата за социјала и труд, кој е професионалец на тоа поле изнесе свое сќептичко видување дека стапката 0,8 нема да биде баш доволна, за мене пологично е да ја сочекаме таа информација, да видиме што ќе се случи со стечајот на многу поголеми организации во Македонија, еве, господинот Бранко го кажа примерот со ЧИК од Куманово, па да сочекаме и да видиме што ќе ни понуди информацијата, па тогаш да зборуваме за стапката.

Исто така, би се сложил со дискусијата на повеќе дискутанти барем оваа стапка од 0,8% им понуди на тие стечајни работници и оние што се во бирото за вработување да имаат здравствена заштита. Навистина е нефер и тие здравствени работници му се остават само на здравството како проблем. Засега тие што се на биро за вработување или сега многу 15.000 стечајни работници од ЧИК, велам  15.000, затоа што има 3.600,

па по 4 најмалку фамилија, тоа се 15.000 работници ќе чукаат на здравствени установи не само во родилни сали, туку и во интензивна нега, а ќе не можат тоа право да си го остварат. Мислам дека тоа не е убаво само на здравството да го оставиме како проблем тие да се расправаат со здравствените работници да го бараат своето право, за нив не се придонеси, Републичкиот фонд не ги покрил обврските во нашиот фонд и според тоа да не му ги оставаме само на здравството како проблем.

Би се сложил со дискусијата на г-дин Крстевски, кој пред ложи оваа точка да се одложи ако оди на следна седница, не е тоа ништо за 7 или 10 дена да ја видиме таа информација, да имаме подобри согледувања и тогаш навистина на овие стечајни работници што сега чукаат на вратата на бирото за вработување, а болеста не прашува кога ќе дојде, да им обезбедиме барем здравствена заштита.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, ова што се говореше, се беше на место од позиција на луѓето кој и каква теза имаат и оправдување за донесување на оваа одлука. Меѓутоа, јас сакам да говорам нешто друго. На релација предлагач, Влада и Собрание. Тоа се три институции кои сега се јавуваат пред ова Собрание, кои ќе треба да одлучи по пред- логот за донесување на оваа одлука за воведување на стапка за плаќање на осигурување, за придонес за вработување. Оваа одлука прв пат во Собранието ја достави Републичкиот завод за вработување. Кога се наиде на законска пречка кој може да биде предлагач оваа формална работа на многу едноставен начин се надмина, се јавија двајца колеги предлагачи од пратениците и тоа се задоволи. Тие пратеници ја презедоа одлуката каква што беше и доставена од Заводот за вработување. Тука никаква разлика нема, доаѓа Владата која со

мислење за примена на оваа одлука, дали ќе биде од 1 јануари или најдоцна, односно најрано од денот на објавување во Службен весник на Република Македонија. Што значи ни се поставува едно прашање кое има и содржинско и правно значење и не задолжува што да размислуваме. Ако постапиме по Уставот дека оваа одлука ќе може да стапи на сила најрано на денот на објавување во Службен весник, што и ќе бидејќи заштитници на Уставот, што е наше основно начело. Тогаш се поставува прашањето што ќе биде со досегашните остварувања без одлука. |1иту еден корисник односно ниту еден финансиски или економски институт кој исплаќал плати, кој биле подлежни за плаќање на овој придонес не престанале да плаќаат. 0,8% се наплатувало. Ако оваа одлука стапи на сила предлагачите на овој предлогне ни даваат одговор што ќе биде со веќе наплатените средства и морам да констатирам, тоа е мое, сега ова го кажувам дека се и потрошени. Ако ги наплатиме по иста стапка сега ќе треба да наплаќаме да се врати на она што е наплатено без основа. Тогаш ќе останат без пари корисниците за кои е наменет овој придонес. Доаѓаме во една правна замка, во една неизлезна ситуација, ни од неа гледам излез, или како што тоа беше расправано на ЗПК да дојде од денес, па натаму за висина на она што е наплатено да се зголеми стапката да одат заедно. Па, ќе стане збор, да може поправо да се вратат тие пари што се платени од должникот без основ. Тогаш што ќе биде. Овде се јави некој и кажа дека мораме да очекуваме дека ќе се смалат оние кои ќе бидат должници да плаќаат. Тоа и денес се прави. Се даваат бонови. Наместо плата, на боновите не се даваат придонеси, а таму не се плаќа ни оваа обврска. Ќе се намалат и оние корисници со невработување односно со неработење. Знаеме во стопанството дека нема снага да работи. Секој ден добиваме нови престанувања со работа. Овде Собранието е должно како законодавен

орган да најде излез од оваа заврзлама, а не да бара извештај да му се донесе колку ќе треба пари и колку ќе треба да ставиме стапка. Од мртвиот не се бара придонес. Тој само изискува трошоци, неговиот погреб итн.. Во овој момент, господа сакам од економистите, прво од предлагачот што го нуди овој предлог што ќе ни понуди денеска како доказ за својата одлука, за својот предлог во иднина да остане само 0,8 или има потреба за поголемо зафаќање, или ќе остане на предлог ова да трае за цела година, па ние да го вратиме да не може да се прифати а сега ќе се вратам на историја.

Републичкиот завод за вработување, иако сметал порано дека бил овластен орган за да може да поднесе предлог, оваа одлука на Собранието му ја доставува на ден 22 .02. оваа година. Зошто надлежниот и одговорен за пристигнатите материјали и за подготовка на Собранието не е веднаш ставен, затоа што се работи кој има ретроактивно дејство. Тогаш за волја на вистината пак крајно 2 месеци ќе имало прекин. Ќе сме го поучиле и предлагачот и Собранието да дејствува многу поефикасно, тогаш за 2 месеци ќе сме направеле вакум. Овде сега правиме практично за 7 месеци вакум. Што значи дека ниту предлагачот, ниту Службата надлежна за ова не воделе сметка за една битна работа, а тоа е социјалната тензија, социјалниот проблем во државата. Како овој проблем ќе го решаваме. Ние буџет донесовме, интервенцијата за социјалата ни е без ова зафаќање. .или е заедно. Ако е заедно, тогаш како можело предлагачот да има да даде предлог да ја има ставката во Буџетот а нена обезбедено средства. Ако е надвор од ова тогаш што значи не сме имале распоред во самиот буџет. Имаме потрошувачка, а немаме извори.

И ние, го ставам во знак на дискусија што е зафатено. Ако е зафатено и ова, тогаш ја немаме одлуката по кој основ е зафатена ставката во Буџетот како основ на извор. Ако ја нема, тогаш како ќе го решаваме проблемот. Ќе ми кажете. Добро е што ќе ми кажете. Вие сте предлагач и јас затоа ве повикувам да дојдете овдека. а на само да поддржувате предлог - одлука.

На крајот што ќе направиме ако и денес оваа одлука на се изгласа. Како прашање, како и на кој начин ќе ги задоволуваме правата на граѓаните. Тоа ќе треба да даде одговор Владата. Нема основ, нема буџет, од каде пари.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сакам за три работи сосема на кратко да кажам. Прво оваа стапка нема никаква врска со Републичкиот буџет, затоа што е зафаќање за друг фонд заедно со~Фондот за пензиско и здравствено осигурување и овој фонд е посебно од Буџетот. Затоа не треба да ги мешате тие извори на средства кои се зафаќаат од обврзниците кои плаќаат придонеси или даноци. Меѓутоа, ние имаме донесено еден закон за потрошувачката во 1993 година и врз основа на тој закон ние си имаме максимум на потрошувачка и за оваа намена, а заедно со сите други намени и за зафакање од општествениот производ и тоа се вклопува во овие рамки односно во рамки на билансите за зафаќање од давателите на средства во Република Македонија. Ние тој закон сме го донеле а индиректно преку макроекономската политика која сме ја поддржале и билансот на средствата за приходи и расходи за цела општествена потрошувачка

во Македонија сме го утврдиле на ова ниво и мислам дека е тоа сосема чиста работа. Сакам да укажам за две други работи.

Прво, мислам дека треба Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, веројатно, во координација и со Заводот за вработување да седнат и да понудат, покрај другото ова што се зборуваше, а кое и го поддржувам и решение за тоа како да се реши здравственото осигурување на оние лица кои се пријавен во Заводот за вработување, а кои не се корисници на здравствената заштита по други основи. Значи, кои се единствено упатени на такво здравствено осигурување. Меѓутоа, она што сакам заради што, пред се, се јавив за збор да потенцирам е следното. Мислам дека Собранието, односно дел од пратениците кои зборуваа од оваа говорница методолошки влечат начин на разместување сосема поинаков и врз основа на тоа влечат и заклучоци кои можат да бидат во погрешна насока, а тоа е што апсолутното ниво на средства кое се добива го споредуваат со релативната распределба на средствата од доходот и тие ги компарираат и врз основа на тоа ја доведуваат во прашање релативната распределба на средствата од доходот и мислам дека тоа е сосема концепциски грешно и оттука може да произнесе дека стапката може да се зголеми од 0,8 ќ нагоре оттука може да произлезе барањето ајде да се одложи заради тие причини. Мислам дека не е грешно размислувањето туку е грешка методологијата во размислувањето, не може да се разговара за релативната распределба на средствата, повикувајќи се т апсолутното ниво на средствата кои се остваруваат, затоа што некореспондираат, туку овде тоа го кажав во поинаква форма, а тоа е дека зацртаната стапка не се остварува заради неуплаќање на даноците, а тоа е проблем на придонесите, проблем на извршната власт меѓутоа тоа не е и проблем во овој момент на законодавната власт од аспект на донесувањето на одлуката. Ние ако гледаме така, тогаш ние

треба да гледаме, колку од апсолутните средства кои се одвојуваат по оваа одлука практично учествуваат во масата на средства кои се распределуваат. И до оглед дека недоволно се издвојува односно не толку колку се запишува со стапката од 0,8, тогаш во апсолутна смисла ако ги споредиме и едното и другото ќе добиеме сосема други релативни односи и тогаш ќе произлезе дека стапката од 0,8 која ние ја донесуваме дефакто се остварува на многу пониско ниво 0,5 или 0,4 или 0,3.Ако е така тогаш треба да размислуваме за зголемување. Меѓутоа, зголемувањето од 0,3или 0,4 ќе се зголеми да//кажеме на 0,8. Практично, релативните односи мораме да ги гледаме исклучиво во корелација со релативните односи во остварувањето и зацртувањето, а не во зацртувањето на односите да гледаме релативна распределба, а распределувањето на тие односи во стварноста да гледаме апсолутната распределба, затоа што ќе ни донесат погрешна слика за стварноста и ќе не упатат на тоа дека ќе се зголеми дефакто придонесот. По таа основа можеме и за сите други придонесе да зборуваме и ќе видиме дека треба да се зголемат, а де факто,се работи за тоа дека во апсолутно ниво не се остварува тоа што во релативно ниво се пропишува со стапката за придонеси за Заводот за вработување.

Оттука апелирам, тие два односи во оваа смисла да се сфаќаат кога се влече заклучок дека треба да се зголемат средствата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас нарочно реков дека еден од предлагачите дојде на оваа говорница не да говори за техника на составување на буџети и користење на средства. Има предлог да важи од 1 јануари. Тоа е негов предлог, на предлагачот.

Второ, ставот на Владата што кореспондира со Уставот да се применува најрано од првиот ден од денот на објавувањето. Тоа е едно прашање што не ми одговори, како ќе не повика и второ, од каде доаѓа тие да останат на предлог кој сега го прифаќаат со предлагање за важење station наназад, што ги присилува на ова и како предлагачи на тој закон како ќе го разрешат прашањето кога бараат измена на одлука^со веќе наплатените средства по одлука која не важи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас претходно прашав дали уште некој бара збор, никој не се јави и јас го заклучив претресот. Сега се јавува повторно.

Има збор господинот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Во врска со проблемот од кога се донесува и од кога треба да важи одлуката, прво вината е во Собранието затоа што во втори месец оваа одлука е пуштена во Собранието.

Второ, за никаква ретроактивност не станува збор, ова е континуитет бидејќи не се менува висината на стапката.

Исто така, според член 52 став 4 од Уставот актите можат да имаат ретроактивно дејство, доколку се поповолни за граѓаните, а оваа одлука е поповолна за оние граѓани кои го користат правото на надомест за невработеност. Според тоа, ништо буквално нема спорно во врска со времето кога се донесува и од кога се применува оваа одлука,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, јасно ми е што значи ретроактивно дејство. Јасно ми е дека Законот може да има ретроактивно или повратно дејство ако е поповолен за граѓанинот. Овде имаме две врсти на граѓани, граѓани со обврска да платат придонес и граѓани со право да користат од тоа плаќање. Кој е сега во позиција овде да е поправ Дали оној што прими плата и даде за друг и ќе има обврска да плаќа или овој што треба да чека од овој што е оптоварен? Не. Овде се при менува ретроактиано дејство, има вакво значење: Ако е во прашање државата,а не граѓанинот овде не се зафаќа од државата, се зафаќа од граѓанинот и граѓанин на една страна, граѓанин на друга страна, тие се еднакви и нема повратно дејствие.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседавач, почитувани пратеници, прво, пред вас е Извештајот на Законодавно - правната комисија кои сите го видов кој смета:

"Комисијата смета дека има потреба и основ за донесување одлука за утврдување на стапка за придонесот за вработување за 1993 година”.

Извештајот е многу јасен. Проблемот беше истакнат и на Законодавно - правната комисија, стојат сите овие забелешки и таа е Комисијата која на ова Собрание треба да му предложи решение за излез Незнам зошто сега се наметнува на самава седница, кога претседателот изградивме одреден став и решивме да го надминеме.

Јас се извинувам, бидејќи е известител Абдурахман Алити тој не е тука присутен и морав да ви го пренесам ова да ви го кажам

Сметам дека ваквиот начин на работа не придонесува за ефикасно работење на самиот Парламент. Работните тела како помошни тела особено во ваков случај треба да ги расчистат работите на Комисијата и да му предложат на самото Собрание, бидејќи таму се стручни лица за таа област. Сето тоа стои и не би сакал сега да образлагам кои се начините што претседателот овде ги наметнува, а тој сами го потпишал извештајот и требаше да го реши.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 6, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член б поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам предлагачот да се произнесе. ( Го прифаќа )

Значи, амандманот се прифати и тој е составен дел на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Пред да гласаме, молам да се повикаат пратениците на своите пратенички места. Многу пратеници, влегоа излегоа, сепак да се констатира колку сме присутни во салата.

65 пратеници се присутни во салата.

Според тоа, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

52 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (9 пратеници се воздржаа од гласање).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1993 година.

Преминуваме на **24-та точка** - Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1992 година.

Предлогот на одлуката, Годишната сметка на Народната банка, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Законодавно - правната комисија и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници се воздржаа од гласање).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1992 година.

Преминуваме на **25-та точка** - Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1993 година.

Предлогот на одлуката, Годишната програма, Извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, Законодавно - правната комисија, Комисијата за стопанство, Мислењето од Владата на Република Македонија и дописот од група пратеници ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам,кој бара збор?

Има збор господинот Газменд Ајдарага.

V/6

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, со внимание ја анализирав Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 199 3 годи на. Од анализата констатирав дека во структурата на приходите со најголем процент учествува надоместок од цената на нафтените дери- вати со 50,4%, а потоа следуваат, наплатата на патарина на автопатот со 17,85%, кредитните средства со 15,75%, надоместоците од странски моторни возила со 7,56%, средствата од курсни разлики со 6,30% итн.

Настојувајќи да пронајдам можност и начин за зголемување на приходите кои според мене се многу ниски, по мое мислење, по се изгледа решението стои во зголемување на зафаќањата од цената на нафтените деривати, бидејќи средствата за кои денес расправаме ни најмалку не ги задоволуваат потребите за расходи кои ги имаме во областа на одржувањето и изградбата на нови патишта бидејќи се зборува од вкупни приходи од 47,6 милиони демонирани денари.

Во структурата на расходите најголемо учество има додржувањето на патиштата, 46,2% од кои зимското одржување 15% редовното одржување 20%, инвестиционото одржување 55% и останатите работи 10%, а потоа во структурата на расходите на второ место е отплатата на странски кредити со 26,72% и инвестициите со 23,1%, додека останатите расходи го чинат учеството во изградбата на локал- ни патишта со само 1,99% или околу 2%.

Она што паѓа во очи тука,односно во структурата на расходите е многу малото учество на новите инвестиции во структурата на инвестициите со само 20%, а останатиот дел го чинат инвестициите од претходната година, дури 80% што зборува дека ние неправилно планираме или пак како што вели народот - ги пуштаме нозете повеќе отколку што ни е долг јорганот.

Она што тука сакам исто така да го потенцирам е би рекол и сосема симболичното учество во структурата на расходите на учеството на изградба на локални патишта со околу 2% или поточно 1,99%. Ова го истакнувам од причина што ние во Републиката имаме сеуште неповрзани населби со градските центри. Таков е случајот впрочем и со неколку села од мојот крај, особено со оние од реонот на Горна Жупа каде што живее турско население. Овие села поради не- доволната изграденост на патиштата во поголемиот дел од зимскиот период и пролетта се отсечени од градскиот центар. Мое залагање е тука Републичката СИЗ за патишта да вложи поголеми напори за обезбедување на поголем обем на средства за учество во изградбата на локални патишта, особено тоа барам да го чини при првиот ребаланс на овогодишната програма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, веќе многу години од кога се зборува поминаа за развој на Мариово и веќе овие три години се настојуваше да влезе во програмата, а за да се развие прв основ се патиштата. На многу наврати на овие Собранија на Парламентот не му се даде толкаво внимание. Тоа не е само за едно село,две, ами тука се зборуваше за еден голем регион каде што претставуваше најголемиот извор на сточарство, земјоделски и други производи, како и шумите и др. да не ги набројувам сите други природни богатства од еден поголем регион.

Минатата година, покрај тоа што поврзува многу други, беа предвидени само правците, да се доградат Баџ, Добровени и Маково - Рапеш, со тоа што да се почне со усвојувањето и развојот на Мариово. Меѓутоа, свесни сме за настаните во минатата година со ембаргото на

нафтата и неприливот на други средства, нафта, мазут и друго, не настојувавме тоа така да биде натојчиво по секоја цена да се изврши, а со предвидената програма за оваа година, земените обврски од 1992 во 1993 година сметам дека СИЗ за патишта ќе ја исполни оваа задача што до крајот на оваа година ќе ги изврши во два програмирани правци односно патот до Баџ, Добровени и Маково - Рапеш, со тоа што во текот на наредните години ќе имаат приоритет за еден така голем економски потенцијал и голем регион да влезе во програмата секоја година од можноста на Републиката со средства да се градата тие два правци, да се усвои Мариово со патна мрежа, која досега веќе не е влезена во програми и не е работено на тоа. Сметам дека разговарано е со СИЗ за патишта и дека е речено дека тоа ќе биде извршено и останувам благодарен и му пожелувам за догодина да не го запостават Мариово и да биде програмирано тие правци секој; година да продолжуваат една до две, со цел да го завршиме тој правец со нови патишта.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Никола Апостоловски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

(Во меѓувреме претседателот на Собранието Стојан Андов се врати во салата).

VI/1.- НД/ЉР

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Прво и основно што треба да констатираме при донесување на Програмата за реконструкција на регионалните и магистралните патишта треба да кажеме дека ја донесуваме со огромно закаснување. Имено, ако се погледа на самата Програма датумот кога Републичкиот СИЗ за патишта ја донел оваа програма, и кога ја предал при Владата мора да се констатира дека Владата со закаснување дала свое мислење Имено, некаде на 4 јануари е доставена до Владата,а Владата свое мислење дава дури на 5 мај. Значи, тоа е огромно закаснување и кога би барале оправдување за реализација на Програмата мислам дека ќе немаме никакво друго оправдување, како што беше минатата година со ембаргото на нафтените деривати за разлика од оваа година каде што закаснувањето е во старт, или пак во основа да кажеме дека градниците се неспособни и не можат да ги обават своите функции.

Сметам дека градежништвото во ова време, така да кажам, е гладно за работа и е спремно да работи. Меѓутоа што се случи оваа година. Кога тие очекуваат најмногу да добијат работа особено од Републичкиот СИЗ*за патишта кадеа што единствен како инвеститор што плака во готово, а тие средства организациите ги коростат за испата на личен доход останаа покуси за една цела градежна сезона. Имено, градежната сезона веќе навлегува во II половина и оваа Програма кога се носи сметам дека треба да се донесува во текот на февруари најкасно март месец ,така да сите подготвителни работи се извршат во мртвиот период, а покасно да почне и работата. Меѓутоа, треба да го констатираме фактот што Владата многу касно се вклучи во оваа Програма и даде свое мислење.

VI/2.-

Дека Програмата е многу стара, можеме да констатираме и до самиот приходен дел. Прво и основно што паѓа во очи е издржувањето на средствата. Овде се изразени во стари денари, така да ќе ми извините ако спомнувам некои бројки стари, или нови, бидејќи овде не е извршена самата деноиминација. Значи, оваа програма веќе е стара. Потоа, мораме да констатираме дека приходниот дел не е правата слика, затоа што оваа програма е правена со позитивните законски прописи во текот на декември месец, а сега сме веќе јули месец и правата слика изостанува за да видиме колкави приходи ќе добиеме.

Во приходниот дел,првата стапка е кажано дека надоместок за патишта што се пресметува преку цената на нафтените деривати е околу 240 милиони денари. Меѓутоа, во образложението е спомнато дека овој износ се добива во однос на преработката на нафтените деривати. Имено, се смета дека 40% од тие нафтени деривати ќе се добиваат како готови, увезени од странство, а додека 60% ќе се преработуваат во нашата Рафинерија. Меѓутоа, тоа е веќе изминато време и сметам дека односот не би требало да биде 40:60, туку максимално 80:20 во корист на преработка на нафтените деривати во нашата Република. Со тоа значајно би се изменила и стапката во придонесот за оваа прва точка во однос на наплатата на цената на нафтените деривати.

Потоа, при потребата на патиштата, надоместоци за употреба на патиштата. И тука е обработено со цените кои што беа некаде во декември месец и дадено е процентуално како тие средства се распределуваат. Имено, 80% од нив одат на отплата за употреба на јавните патишта, а 20 % одат во општинските СИЗ-ови. Меѓутоа, овде веднаш треба да стане збор за тоа што средствата што ги добиваат општинските СИЗ-ови, меѓутоа никакви повратни информации никој нема

и потребно е оној што ги распределува средствата да добие и повратна информација како се тие потрошени, бидејќи вака средства се даваат а не се знае зошто се потрошени, со каква намена и дали се правилно наменети. Врз основа на некоја програма , или таму е изградено нешто сосема друго, нема програма што ја поднесуваат општинските СИЗ-ови.

Исто така, и во третата стапка, надоместоците што ги плаќаат странските моторни возила се изменети, така да приходниот дел во целост би добил нова слика кога би се работел денеска, затоа што ние денес ја разгледуваме и самата Програма. во однос на расходниот дел мислам дека треба да спомнеме и за поздравување е што Републичкиот СИЗ за патишта оваа година посебно внимание посветил на инвестиционото одржување. До сега, барем кај нас ракрана беше да вградиме, а никако одржување, така да она што беше изградено го користевме многу малку време затоа што немаше никакво одржување и се одеше во неповрат, со тоа што по неколку години баравме нови инвестиции за нови рекоснтрукици, и сл. затоа што немаше никакво одржување. Сега за разлика од тие претходни години, уште еднаш велам дека е ова за поздравување, од вкупните средства за одржување на патишта околу 55% е за инвестиционо одржување.

Во вториот дел, каде што се инвестициите, поделено е на нови и стари инвестиции и инвестиции од претходна година. Новите инвестиции, тоа доаѓа логично како потреба на времето, се работи за Крива Паланка- Деве Баир и Здуње-Кула. Мислам дека тука не би требало да има никакви забелешки, туку тоа треба да го поздавиме затоа што со тоа ќе ги подобриме сообраќајните врски и ќе имаме побезбедно патување.

Во однос на учеството во изградбата на локални патишта во ставката има некаде 9,5 милиони денари, за што семтам дека е многу мала сума. Со оваа сума можеме само да се залажвуаме дека нешто воопшто можеме да изградиме . Сметам дека ставката од 2% треба да се зголеми најмалку за 5%. Кога ова го предлагам давам и конкретен предлог од каде средства.

Имено, во инвестиционото одржување велиме дека имаме 55% од одржување на патишта. Јас би рекол да ако оттука се иземат 5% со средствата што се добиле на локални патишта ќе се преведат, тоа би дошло минимум 5% од вкупната сума од приходниот дел. Со оваа сума сметам дека ќе се добие некоја позначителна сума со која што ќе можеме да сметаме на локалните патишта. Кога зборуваме за локални патишта има и една забелешка во однос на досегашното работење, за што мислам дека не е толку работа на Републичкиот СИЗ, меѓутоа и тој треба да води контрола. Тоа е повеќе работа на општинските СИЗ-ови. се расфрлаат средства на повеќе. патни правци со тоа што во основа ништо не се добива, само се отпочнува а за некое довршување на станува ни збор. Сметам дека преку Републичкиот СИЗ, кога ги преведува парите по општинските СИЗ-ови, секој општински СИЗ да предложи своја програма и да даде приоритет на локалните патишта, така да ако воопшто нешто се гради да се знае што ќе се изгради а не почнуваме секаде по нешто и во целина не добиваме ништо. Ако така настапиме сметам дека со локалните патишта ќе добиеме некое подобрување во однос на изградбата на нови километри со тоа што потребите се огромни, но она што ќе се добие ќе остане и трајно Кога се градат тие локални патишта да се бара во целост со сите негови елементи да се изведи, а не да се прави импровизација и да се фрлаат само средства., Но, за сето тоа ќе биде потребно посебно внимание да обрати Републичкиот СИЗ за

патишта. Потоа имаме инвестиции од претходна година. Во самото образложение наведени се некои патни правци, меѓутоа сметам дека во овие патни правци во целост не се зафатени сите оние што беа наведени во претходната програма, или во среднорочната програма 1992 година до 1993 година. Затоа јас напомнувам дека треба да се погледа претходната програмна и она што е испуштено да се заведе. Само за пример ќе напомнам дека со Средно рочната програма беше предвидена програма на некои објекти за патниот правец Прилеп - Титов Велес преку Крива Круша каде што требаш да се изведат три објекти. Велиме дека за тоа сеуште има време, а мора да напомениме дека во претходната програма имавме да се врши реконструкција на патниот правец, во должина од 10 километри, од Прилеп, Стоби - Радобил, меѓутоа за жал во оваа програма никаде не можеме да го видиме и сметам дека е тоа пропуст. Ако е навистина пропут мислам дека треба да се дополни,а ако постоја некои други причини би можеле претставниците на Републичкиот СИЗ за патишта - да кажам зошто воопшто тука не е тука спомнато.

Секако, по прифакањето на оваа програма следува финансиска програма. Ние како комисија за урбанизам и градежништво рековме дема треба да ја имаме на увид. Меѓутоа гледајќи во кое време ја донесуваме и дека градежната сезона веќе навлегла по втората поло- вина сметам дека нема потреба повторно овде на комисија, или на Собрание да ја гледаме, не од причина дека нема потреба од една подобра слика на сите патни правци и објекти што се градат, туку чисто од времето што не згазна и не дозволува повеќе да се одлага.

Меѓутоа, во однос на оваа финансиска програма, или план што ќе го изработи Републичкиот СИЗ посебно внимание да обрати за патните правци во Мариово. За Мариово не сакам многу да дискутирам, да

кажувам што е како е, затоа што мислам дека на сите доволно ви е познато и ако секоја година се издвојуваше средства барем за еден патен правец, за еден локален пат сметам дека Мариово ќе отидеше далеку понапред од колку што е денес. Поради немање на пат и друга инфраструктура повеќе Мариово наликува на едно напуштено земјиште, на една пустина отколку на место каде што порано било • за живеење. Освен патниот правец што е направен Прилеп- Витолишта мислам дека до ден денес нема ништо направено и затоа апелирам во Финансиската програма да влезе барем некои од локалните патишта во Мариово.

Посебно сакам да напоменам и во однос на магистралните и регионалните патишта што врват низ населени места, каков третман се добива, бидејќи имаме доста возила што поради немање на заобиколен пат врват низ населените места, низ градовите со што имаме посебно оптоварување и доаѓа до оштетување на коловозот. Мене не мие е јасно дали тие се во надлежност на Републичкиот СИЗ или пак тие се проблем на општината сама да ги одржува. Тоа останува за мене непознато и тука треба да се види што може да се стори.

Да не заборавиме дека магистралните и регионалните патишта што сега ги имаме како дуплирани, а претходните како да се напуштени, сметам дека и тие треба да имаат посебен третман во одржувањето, затоа што и тие патишта ќе ни требаат од различни икс причини. Што со други зборови речено ниеден пат, дали имало напоредно со него друг или не не би требало да се запоставува, туку бидејќи оваа година имаме доста средства, 50% од одржување на патиш да се намени и за тие патни правци, со тоа што ќе придонесеме понатаму да не пропаѓаат, туку да можеме да ги ставиме во функција во даден момент кога се и потребни.

VI/7.-

Инаку, Програмата мораме да ја подржиме, затоа што крајно време и не смееме понатаму да ја оставиме вака да остане во некои фиоки односно во некои си канцеларии, каде што долго време стоеја.

На крајот и една напомена. Порано од нафтените деривати издвојувањето беше околу 27 % а денес тоа е 12%.Апелирам на Владата овие средства како дополнување од 12 до 27% да се вратат на сметка на патиштата, затоа што целокупните средства што овде ги имаме како приходен дел, а што спомнав дека не е реалната и правата слика се многу малку, а пари за пат кога би се дале не е ништо изгубено, секогаш добиваме, а овие се многу малку. Затоа таквите средства за мене не познато е каде се сега и кои воопшто ги користи и треба да се вратат на самите патишта.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

По излагањето ан пратеникот Ајдарага, а од страна на претседавачот не беше реагирано, тој спомна една непрецизност да во Долна Дебарска Жупа живеат турци. На жалсот таму не живеат турци, туку живеат Македонци со муслиманска вероисповест и молам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие за тоа ќе се јавите за збор.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас мислам тоа беше во излагањето и затоа реков процедурално меѓутоа претседавачот на седницата воопшто не реагираше.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас како известител од комисијата за градежништво и урбанизам барав збор и мислев дека во почетокот ќе ви го кажам во кратки црти Извештајот и Заклучокот на нашата комисија, но претходниот говорник кој што е член на Комисијата доста опширно ја прераската, така да

кажам, целата работа на Комисијата и извештајот. при разгледувањето на оваа програма ние заклучивме дека треба Собранието да ја усвои Програмата, затоа што тоа е крајно време, но дека треба да се задржима на три точки.

Прво, ние одамна го чекаме Законот за патишта во кој што ќе бидат регулирани Проценките за кои што овде се зборуваше и во кои што ќе биде регулиран статусот на СИЗ-от за патишта кои што треба да се трансформира.

Второ, апал до Владата за издвојувањето на средствата , да се зголеми до 12 на 26% не само заради подобрување на патната мрежа и за изградба на нова патна мрежа, туку и заради тоа што тоа беше минимумот со кој што можеме да бараме кредити од меѓународни институции.

Трето, финансискиот план, за кој што сметавме дева треба Комисијата да го разгледа токму заради причини кои што ветените зафати од минатогодишниот период не беа предвидени во овогодишниот период, туку беа ставени како дел од Финансискиот план при реализацијата на Финансискиот план.

Тоа беа*трите главни точки во Комисијата, инаку Комисијата му предлага на Собранието да ја прифати оваа Програма, со жалење дека навистина е ова касно и со апелирање во иднина навреме да се донесуваат ваков вид на програми.

VII/1 сп/вц

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас морам на почетокот да констатирам дека со оглед на тоа дека годишната програма која е предмет на расправа пред Собранието носи дата од 29 декември 1992 година усвоена од Собранието на Републичката СИЗ за патишта, да не речам фонд за патишта, а еве пред Собранието доаѓа по цели шест ипол месеци. Мислам деканa некој начин и саматагодишна програма поготово финансискиот дел ја прави нелогична и нереална односно неадекватна на состојбата во која денеска се наоѓа и Републичкиот фонд и потребата за реновирање на оваа програма.

Мислам дека од тој аспект причините не ми се баш познати, меѓутоа, веројатно од навистина преголемата зафатеност на Собранието не било можно таа програма да биде поставена порано на дневен ред за усвојување. Оттука мислам дека и самата програма, барем во овој момент, по мене, е нереална односно неадекватна на состојбите од причина што најголемиот извор на средства за изградба на патишта во Републиката, тоа е надоместок за патишта што се пресметува и наплатува од цената на нафтените деривати, мислам барем по моја оценка е нереално програмирано со оглед на тоа дека потрошувачката на овие деривати во овој период, а се надевам и до крајот на оваа 1993 година ќе биде многу поголема од тоа што е планирано во самата програма, бидејќи овие податоци што се ставени овде се на основа на потрошувачката која беше во 1992 година, а нам ни е познато дека таа година беше доста рестриктивна од причина што имаше огромен недостиг на тие деривати, а исто така беше ограничено со одредена потрошувачка така што мислам барем сегашната проценка е дека потрошувачката за 1993 година во секој случај ќе ја надмине потрошувачката која беше во 1992 година и дури и 1991, па оттука мислам дека е ова најголем извор на средства до крајот на годината и може да претрпи поголеми измени.

VII/2

Меѓутоа, исто така и јас се согласувам дека она што беше забележано од поголем број пратеници дека придонесот кој беше предвиден порано, односно зафаќањата за овој фонд за изградба на патишта кој со одлука на Владата беше редуциран, мислам дека состојбите сега се поповолни и оваа рестрикција што беше дадена односно да не речам зафаќање можно е и има услови да се врати на поранешното ниво од причина што навистина потребата за изградба на патишта во Републиката е повеќе од потребна, а мислам дека тие се услов за подобрување на севкупните услови на стопанисување во нашата држава. Бидејќи без сообраќајници, без артерии мислам дека не е можно да се создадат услови за подобро стопанисување односно подобар развој на економијата во нашата држава.

Исто така, оној стимул кој беше даден на некој начин за приватните, односно оние правни и физички лица кои се бавеа со увоз на нафта и нафтени деривати за да можат да бидат конкурентни на домашниот пазар беа намалени давачките спрема државата и спрема овој фонд за да можат да бидат стимулирани односно 10% на некој начин одеа во нивна корист за да можат да дојдат во ситуација да можат да увезуваат поголеми количини на нафтени деривати кои во тој период ни беа потребни.

Мислам дека сега, со оглед на тоа дека пазарот е снабден, а имаме случаеви сите тие да ја намалуваат цената на нафтените деривати, од тие причини, мислам дека е потребно тој придонес што беше предвиден порано за фондот за патишта има услови да биде повратен се со цел пак ќе кажам,средствата во фондот да бидат уште поголеми,а со тоа и можностите во расходниот дел да можеме да покриеме поголем дел од потребите односно да предвидиме поголем обем на работа до крајот на 1993 година.

Тоа е позитивно и од ангажираната градежна оператива која, колку што е познато 50 и 2-3 илјади вработени чекаат работа, а и од друга околност што практично тоа ќе овозможи да добиеме поголем број на километри на изградени патишта во нашата Република, а со тоа нема да се наруши ниту работењето на оние кои досега ја вршеа оваа работа односно набавувачите и дистрибутерите на овие производи, а ниту ќе се зголемат трошоците на другите корисници на овие нафтени деривати.

Тоа е оној дел во приходниот дел, бидејќи другите приходи на некој начин мислам дека се занемарливи во поглед на овој приход, бидејќи скоро 50% од средствата кои се прелеваат во фондот за изградба и реконструкција на патиштата во нашата Република се токму од овие средства, другите се, како што реков занемарливи и од тие причини не е потребен некој поголем коментар во ова време.

Што се однесува на расходниот дел односно во функција на трошењето на тие средства, мислам дека потребите се навистина многу поголеми од тоа што се условите за прибирање на тие средства, меѓутоа, токму од тие причини мислам дека овде самите управни институции во Републичката СИЗ која сеуште го носи таквиот назив односно Републичкиот фонд за реконструкција и градење на патиштата, мислам дека треба да биде на повисоко ниво и поголема одговорност од причина што, како што реков, навистина потребите се многу поголеми од можностите, меѓутоа, мора да се води грижа навистина да се даде предимство на оние патни правци кои на некој начин барем во овој момент се вклопуваат во текот и амбиентот кој сакаме да го градиме, а тоа е пазарната економија и економските законитости односно да се градат тие патни правци кои во овој момент ќе можат да влијаат на подобрување на економската односно стопанската состојба и подобрување на условите за стопанисување во нашата држава.

Мислам дека во тој поглед Предлог програмата не прави таков чекор, напротив и понатаму се задржуваат одредени карактеристики кои беа познати на поранешниот систем на раководење и управување со нашата држава односно донесување на политички одлуки и донесување на политички програми во кои на некој начин се застапени повеќе политичките притисоци, а не,како што реков, економските законитости и економските критериуми.

Не би сакал да кажам дека било кој патен правец во Републиката е непотребен или е излишен за изградба, бидејќи возилата на било кој регион или на било кој стопански субјект во нашата држава патуваат по сите патишта во Републиката и потребно е да стигнат до сите краеви односно до сите градови и села од нашата Република. Оттука мислам дека нема оправдување и нема потреба да се тврди дека одредени патни правци не се потребни да се изградат. Мислам дека тука треба да бидеме потполно на јасно и јас сум еден од тие кој би бил радосен доколку можеме и покрај тоа што се тие патни правци предвидени, туку да предвидиме уште повеќе, меѓутоа, реков треба да бидеме во рамките на можностите и да дадеме, како што реков навистина предност на оние патни правци кои ќе овозможат да се создадат услови за да се создадат економска основа односно средства кои ќе овозможат да се изградат сите други патни правци во нашата Република.

Нема д абиде во ред доколку навистина сето ова не го кажам и со мојата главна преокупација што е односно изградбата на патниот правец Струмица – Радовиш - Штип кој навистина еден, барем во овој момент, со сигурност во најлоша состојба, а исто така еден од најоптоварените патишта во овој момент во нашата Република.

Јас со сигурност ќе кажам дека проточната моќ на овој пат е толку загрозена што на одредени релации односно делници на тој патен правец возилата се движат пет до десет километри на час, а додека нејзината големина е таква што нема период во денот од 0 до 24,00 часот во кој немате проток на поголем дел, односно поголем број на возила, токму низ тој патен правец. Исто така тие исти возила кои тргнуваат и се враќаат во Струмица, како што реков и порано, ги крстосуваат сите други патни правци во нашата Република така што и другите патни правци истите тие возачи за истите тие корисници се битни и важни,бидејќи и на тие други патни правци тие треба да трошат и време и гориво за да можат својата роба товарена да речеме во Струмица да можат да ја пласираат во сите делови од нашата Република.

Меѓутоа,морам да кажам дека на тој патен правец навистина во оној момент мора да му се даде поголема предност,бидејќи најголемиот дел, а по моја пресметка што ја правев, незнам податоците што ги користам дали се исправни, но тука се претставниците на фондот за патишта па веројатно доколку забележат дека не сум во право ќе направат одредена замерка, но јас сакам дави кажам дека според мојата математика некаде'7,6% од вкупните средства кои се прибираат по основ на основната ставка односно најголемата ставка како што реков во приходниот дел на придонесите од нафтата и нафтените деривати се наплатува токму од 21 илјада регистрирани возила во општина Струмица, кои, како што реков моментално ги крстосуваат преку целиот ден и преку целото време патиштата во нашата Република и го плаќаат тој придонес, а токму патот од Струмица до Штип кој секојдневно набило која релација да тргне да ја извршува својата секојдневна задача мора

да го поминат. Оттука мислам дека е неоправдано во 1993 година практично да не е предвидено ниту еден метар, не километар за продолжување на работите на тој патен правец, туку напротив предвидено е само завршување на работите кои требаше да бидат завршени во 1992 година, а тоа се само 5,6 км. од Струмица према Радовиш. Мислам дека тука најголемиот дел за вината за оваа- работа ја носи и самата градежна оператива која навистина незнам од кои причини е определено едно градилиште кое се покажа дека нема ниту технички ниту кадровски подготвености да може да обавува една работа, бидејќи многу ни е познато дека ни во овој момент ни во 1992година иако беа оскудни средствата не беа во прашање средствата, не беа во прашање наплатата на одредени ситуации кои беа поднесувани од страна на таа градежна оператива до Републичкиот фонд туку напротив најверојатно неговата неорганизираност, неподготвеност за да може да ги извршува задачите кои му беа поставени односно тие едвај 7 километри кои требаше да бидат завршени во 1992 година не беа завршени велам токму од тие причини, а не од причини што имаше недостиг на средства.

Оттука велам и кога се определуваат одредени инвеститори односно изведувачи на одредени делници важно е да се води сметка дали тие се подготвени одреден обем на работа да можат да го завршат во одреден период, бидејќи секое доцнење, како што гледаме, се одразува и на ефикасноста и на реализацијата на одредени програми, аи на девалвирање на средствата кои биле предвидени за таа изградба, бидејќи не биле употребени на време односно не биле искористени на време, а со инфлацијата тие средства се девалвираат и не е во можност да се заврши онаа работа што можела да се заврши доколку таа

оператива била подготвена да ја извршува таа работа.

Еве, со овие одредени конкретни забелешки уште еднаш би ја искористил оваа прилика да апелирам и до раководството односно до надлежните органи во Републичката СИЗ за патишта, односно по мене Републички фонд за патишта да во наредниот период навистина покрај тоа што се води сметка и рационално се користат средствата, на некој начин навистина да се бираат изведувачи кои навистина ќе бидат способни одредени работи и работни задачи да ги завршуваат во одреден период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние работиме два часа, па дали е потребен еден краток прекин да може да се руча.

Денеска е попријатен денот, па ве молам во 15,00 часот би требало да седнеме и да ја завршиме седницата.

Инаку има уште 7 говорника, па ќе треба да вечераме а не да ручаме.

И инаку, продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,15 часот).

Продолжение на седницата после паузата во 15,40 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

не морам да обрнувам внимание на квалитетот на мојата дискусија затоа што сум заборавил кога последен пат сум дискутирал пред 120 пратеници.

Им се придружувам на моите колеги пратеници кои реков дека навистина за Предлог програмата за израдба, одржување и реконструкција на магистралната регионалната патна мрежа во република Македонија за 1993 година расправаме со големо задоцнување, затоа што мислам дека дел од програмата сигурно е веќе во извршување.

Во воведниот дел на програмата ми се објаснува дека прилично тешко се обезбедуваат средства, нови инвестиции и заостанати инвестиции за одржување на патишта како изградба на локални патишта Меѓутоа, јас мислам дека можело многу повеќе средства да се обезбедат затоа што условите во Македонија тоа го овозможуваат. Мислам дека господинот Младеновски добро кажа дека не е искористено докрај тоа што може да се обезбеди од процентот што може да с земе од нафтените дериватни производи.

Би сакал да укажам дека во овие прилики и СИЗ-от за патишта треба да интервенира со време и на време затоа што се создаваа во Република Македонија нови моменти, пти што и во такви нови ситуации мора да се размислува за да се интервенира во одредените ситуации.

VIII/2.-

Би сакал да кажам дека за поздравување е кога се интервенира во изградбата на патот Димов Ан - Деве Баер, затоа што тоа го налага самата фреквенција на тој пат и веќе навреме се интервенира, односно патот Здуње-Кула, исто така добро е што навреме се интервенира, дури би рекол со нови инвестиции.

Меѓутоа, сакам да укажам односно тоа да биде како размислување бидејќи ние со задоцнување расправаме за оваа програма. Се создаваат нови проблеми односно нови проблеми- за изградба на патишта кон тие села односно подрачја кој сега ги сметаме за погранични подрачја. еве да речеме нови прилики се создаваат со границата Косово и Србија,затоа што таму веќе има население кое во минатото своите потреби ги подмируваа од блиските градови каде живеат и не морале да речеме да бидат толку поврзани со Скопје. Зашто тие потреби ги задоволувале во блиските градови, со кој биле поврзани.

Сега во оваа ново создадена ситуација јас мислам дека требаш односно требало СИЗ-от за патишта да го има и ова во предвид затоа што треба да се воспостават сосема нови комуникации со тие погранични села и места. Тие сега веќе остануваа како што слушаме и гледаме отсечени во овие прилики, затоа што не можат да користат градови во други републики, а за нивните потреби да бидат задоволени треба да користат град во Македонија односно Скопје, тогаш е многу потешко. Затоа јас мислам дека дури треба да се предвидат инвестиции па и нов инвестиции за да се поврзат тие погранични подрачја население и села што живеат во близината на самата граница. Дали со тоа може да се интервенира во самата програма, незнам зашто ние немаме овде како пратеници програма што е операционализирана. Јас мислам дека имаме и укажувања во програмата дека постои уште една оперативна програма на приоритети. Ако постои таа оперативна програма на приоритети, тогаш јас мислам дека во тие приоритети треба да бидат вградени и овие

места за да се поврзат односно да се воспостави подобра комуникација. Во овој случај би рекол дека еве на пример да ги земеме местата Танушевци, Блаце, Брес, Малино. Ако се воспостави комуникација, тоа ќе има друга политичка позитивна димензија. Зашто? Затоа што ако нема комуникација од оваа страна, а со тие луѓе ако разговарате, јас сум имал прилика лично да разговарам, тие луѓе многу добро и искрено кажуваат и знаат каде припаѓаат. Ако искрено и добро кажуваат дека и припаѓаат на Република Македонија, Ве молам, тука итно треба да се задолжи Владата заедно со СИЗ-от за патишта и да се интервенира дури и со другите министерства, во овој случај со Министерството за развој и др.

Еве ова беа некои мои размислувања, од ова што станало нереализирано, односно инвестиции од претходната година. Јас тука нема да кажам ништо за стариот пат Скопје - Куманово, затоа што мислам заедно со господинот Антовски, разговаравме со предлагачите и во нивната програма која што е составен дел на оваа програма веќе ни беше кажано дека ќе се доврши делот на стариот пат Скопје - Куманово.

Мислам дека овие размислувања мои дали ќе бидат, бидејќи расправаме со задоцнување , дали ќе бидат земени како укажувања за програмата за наредната година или ќе може да се интервенира, најверојатно тие што се изготвувачи и предлагачи на оваа програма тоа ќе го направат професионално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Тиме Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, најпрво мора да се каже дека Годишната програма за изградба, одржување и

реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа се расправа со големо задоцнување, бидејќи во неа се внесени податоци о минатата година, а оваа програма е правена во декември. Податоците дадени во оваа програма објективно не соодветуваат со сегашниот момент односно минатата година имавме момент кога набавката со нафта и нафтени деривати беше многу отежнат аи потрошувачката на овие деривати беше многу намалена, па затоа предвидените средства не може да се остварат па така и минатогодишната програма не можеше да се оствари.

Посебно сакам да истакнам за минатогодишната расправа, на која сакам да Ве потсетам дека беше расправано и донесен заклучок дека главен приоритет за овогодишната програма што се даде на патниот правец Штип – Радовиш - Струмица. сега во оваа програма се предлага да се обезбедат средства само за довршување на предложеното од минатогодишната програма, односно само за 5,2 километри. Јас мислам дека сите вие знаете дека ако нешто дава лоша слика на оваа Република посебно во патната мрежа, тоа е патниот правец Штип - Струмица. Сакам да истакнам дека овој регион е доста богат и не треба да се запостави, посебно анализирајќи го и гледајќи го новото време, треба да го привлечеме интересот на странски вложувачи, бидејќи овде има место да се размислува за ова , а како да е заборавено, бидејќи после 1953 година на овој патен правец нема по сериозно инвестирано.

Со оглед на тоа што податоците во оваа програма не се објективни јас мислам дека се залагам и предлагачите со нивно излагање да кажат по објективно дека навистина, треба оваа година позамашно да се зафати овој пат за да може до 1995 година да биде завршен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Рахими.

Господинот Рахими најавува дека се повлекува.

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во интерес на времето и заради експлоатирноста на аргументите за потреба од донесување на оваа програма кон кои и јас се придружува се откажувам од мојата дискусија, со тоа што препорачувам и другите дискутанти да го сторат истото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал, како што овде беше речено би требало и јас да се откажам, но би изнел две три заложби. Мислам дека на сит ени е јасно дека во услови на намалена издашност на изворите од каде што се билансирани вкупните приходи дека простор за маневрирање има многу малку, околу се она што е предложено во годинешнава програма, па оттука истите учесници во расправата беа прилично воздржани во своите заложби иако, сите потекнуваме од средини во кој што посебно р§гионаланта патна мрежа и локалната патна мрежа за која што се зборуваше, се наоѓа во исклучително тешка ситуација. Несакајќи јас да излезам од тие рамки наумереност, инаку ако би излегол од тие рамки наумереност, нормално е дека би се залагал за, еве пред мене зборуваше пратеникот од Општина Радовиш да влезе и во оваа Годишна програма изградбата на регионалниот пат Берово – Радовиш заради тоа што се единствени две општини што не се поврзани со асфалтен пат или да се залагам за што побрзо завршување на регионалниот патен правец Берово - Струмица итн.

VIII/6.-

Меѓутоа имајќи предвид, дека , навистина ова што е овде утврдено како обем на работа е прилично реално ако се споредува со реалните финансиски можности, и ако овде беше кажано дека очекуваме ова што е билансирано како вкупни приходи дека оваа година ќе биде нешто поиздашно заради тоа што е билансирано овде, е билансирано врз основа на потрошувачката на нафтата и нафтените деривати од минатата година која што беше значително помалку од ова што верувам дека ќе се оствари во 1993 година. сепак нашето учество во праспрaват ми се чини дека треба да има една единствена функција, ако нема можност за било какви промени во оваа година, а таа функција би била да укажеме на што евентуално ќе водиме сметка при евентуалниот ребаланс или при воспоставувањето на основите на новата годишна програма за 1994 година.

Оттука сакам да повторам една заложба на неколку пратеници, мислам дека ја почна господинот Ајдерага, да ја повторам или пот-крепам а тоа е следното - навистина средствата за локалната патна мрежа е повеќе од симболична, а најкатастрофални состојбите се заправо во тој дел од патната мрежа во републиката. И мислам дека на предлагачите треба со право да им укажеме, ако евентуално дојде до било каков ребаланс во средствата за годишната програма дека ќе инсистираме со еден повисок процент од тие средства да се опфатат и алиментираат потребите заради тоа што целото ова Собрание во незнам колку наврати се залага за враќањето на животот на село, а еден од основните елементи кој тој живот би го потпомогнал, секако е остварување на повисок степен на цивилизациски комуникации меѓу селските населби и населбите во нивна околина и со главниот град на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас дискутирав, а изгледа погрешно ме разбрале односно луѓето што се тука не ме слушале што реков, и само ќе повторам што кажав. на име кажав, што се однесува до реонот на Горна Жупа дека таму односно ќе повторам, ќе прочитам "ова го истакнувам повеќе од причина што ние во Републиката имаме се уште неповрзани населби со градските центри. Таков е случајот, впрочем, со неколку села од мојот крај, особено со оние од реонот на Горна Жупа, каде живее турско население." Да не ви читам и понатаму од населбите од Горна Жупа сега исклучиво живее турско население, ни албанско ни македонско порано живеело и македонско население ама се отселило.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Милковски.

Еве и господинот Милковски се откажува.

Има збор господин Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас се јавив за дискусија многу порано, но еве сега добив збор и сосема на кратко би сакал да отстранам две работи што беа покренати во досегашната дискусија.

Прво по прашањето на задоцнувањето на разгледувањето на програмата од страна на Собранието, бидејќи во Собранието програмата на СИЗ-от аз патишта беше доставена уште во почетокот на годината, но Комисијата за стопанство не беше во можност да ја разгледува без

мислење на Владата, па оттука упати и две писмени ургенции, една во јануари а другата во февруари, а после тоа и усмена интервенција имавме во Министерството за урбанизам, сообраќај и екологија за да добиеме мислење во врска со потврдувањето на годишната програма на СИЗ-от за патишта. Последната интервенција беше и со укажување дека Собранието ќе ја гледа програмата и без мислење на Владата поради тоа што нема смисла програмата да биде потврдена од страна на Собранието во текот на веќе изминатa половина година и нејзино извршување.

И второ прашање што беше покренато , а сметам дека треба да биде јасно е дека Собранието не ја донесува програмата туку ја потврдува годишната програма, а програмата ја донесуваат органите на СИЗ-от. Тоа значи дека Собранието само учествува во делот на потврдување на годишната програма и учествува во делот на структурата на средствата во изворните приходи, а многу малку се осврнавме, само неколку пратеници кои укажаа на одредена потреба од корекција на изворните приходи за обезбедување средства, за финансирање на изградбата на патиштата во републикава.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ** : (продолжение)

Сметам дека во тој дел, во делот на заклучувањето треба да стои една обврска дека треба да се преиспитаат изворните приходи и во делот, таму каде што се намалени во поглед на средствата од 1992 година да се вратат во истата структура каква што ја имаше и ја користеше, го користеше делот на средствата СИЗ-от.

Во делот на расходите исто така многу малку се осврнавме на структурата на средствата, само од неколку пратеници кои укажаа дека сепак , оваа програма во основа се однесува на делот на одржување на постојната патна мрежа. Делот за инвестиции не е застапен,затоа што изворните приходи се толку колку што можат да се употребат за одржување на патната мрежа.

Сосема кратко ќе укажам на одредени обврски што исто така претстојат пред Владата, а се однесуваат на тековната година, каде што има одредени заклучувања од Комисијата за стопанство и Комисијата за урбанизам и градежништво, каде што Владата треба во најскоро време да го понуди и законот за патишта, затоа што овој состав на Парламентот разгледуваше една проекција, еден закон, како предлог на закон, но го врати уште на комисиската расправа и сметам дека во тој закон или во законот треба да најде место и реорганизацијата на СИЗ-от поради тоа што таа, во основа не може да постои натаму до колку не се дефинира нејзиниот статус, односно каков облик на организирање ќе има. Ова, уште повеќе од таму што ние го донесовме Законот за концесии, а таму е јасно кажано дека за секоја дејност или за секоја област ќе се донесуваат посебни закони каде можат да се користат концесиите. Сметам дека првите концесии што можат да се јават во Републикава би биле токму во областа на патната мрежа: Но ние не можеме да се вклучиме, сигурно ниту во начелни разговори за давање

концесии до колку го немаме донесено Законот за патишта.

Оттука користејќи ја оваа можност, една обврска кон Владата што поитно да го предложи Законот за патишта а во рамките на тоа и новиот организационен облик на сегашниот СИЗ за патишта, а со самото тоа и можност за реализација, односно избегнување на сегашната грешка што ја направивме да ја разгледуваме односно потврдуваме програмата за патишта во текот на оваа година односно веќе половина година е поминато.

На крајот, само една поддршка на заклучокот што го понудија пратениците од трите општини: Кавадарци, Прилеп и Битола кои делуваат и имаат едно подрачје што не е до крај согледано во делот на патната мрежа и сметам дека она што е сега влезено во програмата треба да се реализира во 19 93 година, а да се направи едно посоодветно согледување за оваа реорганизација на делот на патната мрежа во Мариово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа дека беше многу речено од говорницава за изградба, одржување и реконструкција на регионалната патна мрежа во РМ, во интерес на времето ќе бидам краток.

Јас поддржувам програмата, а исто така и дискусиите, посебно дискусијата што ја кажаа во однос на локалната патна мрежа. Сметам дека навистина овие 2% се многу малку, знаејќи ја состојбата со локалната патна мрежа во РМ. Го поддржувам предлогот овој износ да биде во иднина најмалку 5%, а исто така со ребалансот предлагачот да обрне поголемо внимание односно издвои поголем дел средства за одржување и изградба на локалната патна мрежа во Македонија.

Исто така имам мала забелешка во инвестициите, под точка 2.1. каде што стои Кула - Здуње, треба да стои Здуње - Брана Козјак. Ова е договорено со предлагачот и мислам дека тоа е само техничка грешка што ќе биде исправена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

По однос на Извештајот, ќе застанам зад извештајот што пишува од ЗПК, меѓутоа станав и друго процедурално да кажам што господинот Ајдерага почнува да пишува некои нови демографски карти за постоење до сега во Горна Жупа македонци муслимани, а сега наводно, како тој употребува термин ниту македонци, ниту албанци, туку турци.

Ова не беше место ниту беше во стил да се следи програмата и точката на дневен ред. Јас мислам да не се употребуваат несигурни зборови "сетга", "порано", "допрва" и сл. Ако некој мисли нешто ќе има зад себе попис, ќе има зад себе други официјални документи, а оваа говорница да не се злоупотербува и да не се прави раздор по основ на конфесионална припадност, да се создаваат народности или други народи или сл. и да се денационализира македонското население.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ајдерага е спомнат па има право на реплика.

Јас се надевам дека некое недоразбирање е. Не ќе биде друго.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Очигледно дека колегата Стојановски не го познава подрачјето на Жупа.

Жупа се дели на Долна и Горна. Јас зборував за Горна Жупа. Изволи, најди таму што има. Дали има албанци или нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сакав само да... Добро, господин Стојановски пак. Само сакав да ви кажам нешто ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, јас ако употребив по погрешка Долна а не Горна господинот не сакаше да каже дека грешка употребил сега. Значи, тој не прави разлика меѓу она што мисли и зборува. А, јас направив грешка само меѓу она што го кажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само нешто сакав да ви кажам, ве молам, разговараме за Програмата за патишта. По тие патишта се разбира ќе одат граѓани на РМ, а и некој странец ќе оди. И, немојте сега смешни работи да ми кажувате овде.

За збор се јави господин Иванов.

Немојте така, немојте. Внимавајте. Дајте да работи Собраниево.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Јас знам дека веќе трпението по оваа точка е доста вака, што се вели напрегнато, требаше брзо да ја усвоиме оваа Програма, меѓутоа слушајќи ги претходните искажувања си дозволувам и јас да ви одземам малку време и да укажам на некои работи.

Најпрво мислам дека овде убаво беше посочено која е надлежноста на Собранието и на Владата во поглед на оваа точка и не би сакал во тој дел тоа прашање посебно да го објаснувам или да го регулирам. Затоа, повеќе би поминал на она што во таа надлежност е и на Собранието да сугерирам одредени работи или да потсетам на нешто што беше кажано во времето кога ја донесувавме Програмата 1992 година.

Сосема е разбирливо бидејќи оваа одлука носи одредени прашања од поширок интерес за Републиката и опфаќа повеќе интересни подрачја,па е нормално по ваквите точки да имаме и пошироки искажување од нас пратениците.

Во принцип сакам да кажам дека ја поддржувам програмата и мислењето дадено од страна на Владата по програмата, со тоа пред се почитувајќи дека програмата се донесува во едни посебни услови кога средствата или изворите се доста ограничени, постојат сериозни обврски и особено што просторот е доста ограничен. Меѓутоа, сакам да укажам само на две работи.

Се работи за една обврска што остана уште од времето на донесувањето односно произнесувањето на Собранието по делот на Програмата за 1992 година, а се однесуваше на патниот правец Берово – Виница - Кочани - Штип, на делот на обиколката на Кочани каде што уште со завршувањето на работите остана незавршен еден дел на спојувањето на делот на патниот правец према Кочани. Во зимските услови, особено во изминативе две години имаше, поради овој неразрешен момент имаше доста сообраќајни незгоди.

Во делот на дискусијата, како што реков при усвојување на Програмата за 19 92 година, ова прашање беше посочено да биде земено предвид во програмата што ќе биде донесена за наредните години За жал, ниту Владата, ниту предлагачот на Програмата на ова прашање не се навраќа.

Од тие причини замолувам ова нешто да биде земено предвид во наредниот период и овој елемент, така како што доликува прво од технички и сообраќаен елемент да биде до крај реализирано.

Другото е едно прашање што исто така е зачнато во програмата и во дел на дискусиите беше кажано, а тоа е прашањето на регионалните патишта. Лично мислам дека и покрај сегашните финансиски проблеми ова прашање заслужува посебно внимание од причини што сеуште

имаме одредени подрачја, посебно во планските делови на Македонија што не се добро разрешени.

Од тие причини се залагам во делот на насоките при донесувањето на Програмата за наредната година на ова прашање да му биде додатно посветено внимание и од страна на Републичкиот фонд да се даде еден дополнителен напор преку ангажирање на дополнителни средства од поедини општини да може во тој дел да се направат додатни чекори за сообраќајно поврзување или создавање можности да се дојде до поедини предели каде има и шумско и рудно богатство, а таму има и добри услови за развој на туризмот и разни стопански активности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Патот кон Крива Паланка верувам дека голем дел од вас пратеници го имате поминато. Меѓутоа, сакам да кажам само неколку зборови.

Прво, да ја поздравам Програмата и да кажам дека сето тоа што е зацртано мислам дека е реално, како во однос на Крива Паланка, како што*изнесоа некои пратеници, исто така и во однос на другите правци. Меѓутоа, сакам да нагласам дека патниот правец од Ранковци, поконкретно од Криво Крувче до Крива Паланка исто така заслужува во непосредниот нареден период да биде земен предвид, бидејќи тоа е место каде што има безброј црни точки каде се случија повеќе сообраќајни несреќи што однесоа голем број на животи, а исто така и големи материјални штети.

Ова, поради тоа што и временскиот термин од границата д< Скопје, токму на таа релација се дуплира затоа што патот што ние го патуваме конкретно од Крива Паланка до Скопје на релацијата помеѓу Крива

Паланка - Криво Крувче и приодот кон Скопје е исти колку и целата друга релација. Мислам дека надлежните органи треба да го имаат предвид овој проблем.

На крајот би кажал дека патните правци, иако не се во оваа програма, така да кажам, тие се од четврт ред а гравитираат кон Република Србија, треба на некој начин да се разрешат бидејќи со нашите скромни разрешувања годишно со по неколку километри во овие последни две години се изострија поради тоа што луѓето кои живеат во тие погранични места, нивната главна ориентација и доаѓање кон Крива Паланка е скоро секојдневно, меѓутоа таквите патни правци се скоро неможни, половично направени и треба тоа да се пред- види до колку постојат некакви можности, како што изнесоа неколку пратеници, и од овој СИЗ нешто да се припомогне. Мислам дека тоа исто треба да биде приоритетно или пак да ни се даде насока како и на кој начин да го решиме.

На крајот би изразил голема благодарност на досега изградениот пат како во однос на девијацијата во однос на речниот пат кој ја дели Крива Паланка на два дела, со молба и желба сите придружни објекти, надвозници, подвозници, осветлуваше, Републичкиот СИЗ за патишта да биде доследен и патот да го направи така како доликува на еден град кој се наоѓа на влезот на нашата држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, многу убаво ве слушав и дојдов до една констатација дека 50 години не се направи ништо во оваа држава.

И на еден пат, на еден пат ова волшебно Собрание сака да направиме се.

Предлог на закон за патишта немаме, имаме еден предлог тука, чекај да го прочитам "Предлог на одлука за годишната програма за одржување реконструкција и изградба на магистрални, регионални... итн. итн., патна мрежа. Меѓутоа, еве, да се согласиме со сето тоа, дека можеме да го направиме. Ова не се метафори, една вистина голема што треба да ја согледаме и да ја видиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама обрнете внимание, не се работи за развој на патната мрежа туку за одржување на постојната. Ако не сме направиле немаме ништо што да поправаме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немаме, значи немаме што да направиме немаме , мене так; ми се чини, еден бара пат за тоа село друг бара за свој град...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, водете сметка што е на дневен ред...

**МИТКО АНАСАТСОВСКИ:**

Јас верувам дека сме направиле и тоа знам дека сме направиле повеќе од секој друг тие патишта, меѓутоа да се надоврзам, треба да се даде увид. Тука гледаме дека никаде пат немаме, а меѓутоа имаме патишта.

Е сега, за да се надоврзиме на суштината на проблемот треба малку да дадеме еден увод. Пак ќе дојдеме до тоа првото.

Од кога се растуривме, од кога се растуривме, од кога ги испразнивме селата, сега ќе правиме патишта. Меѓутоа и тоа да го оставиме на страна.

Кои се моите видувања за градење на патишта? Господинот Иванов истакна некои работи, баш мислата, му кажав на господинот Тошевски дека ми е зеде мислата, како забележував некои работи, точно си ги потцртав.

IX/9

Прво, реконструкција на патишта и патишта, да не ги повторувам зборовите се знае каде треба да се направат. Во тие места каде се најпотребни треба да се реконструираат и да се направат патиштата каде се неопходни. Тоа е прво. Така?

Второ, да се направат патиштата, да се поправат и реконструираат во нашите културно историски центри. Затоа што и таму немаме направено.

Да се реконструираат и поправат патиштата што се неопходни да помине човек а не коза бидејќи тие ги снема.

Е сега, како петто иде прашањето за парите. Сега, кога ќе дојде до парите правиме самодоприноси. Кога ќе излеземе на гласа: излегуваме 20% , а 80%          не сакаме да дадеме. Така ли е?

Предлагам, прво, секоја локална управа, секоја општина да си направи локален план за изградба или реконструкција на патиштата. (пратениците реагираат дека има такви планови)

Имате правено.

Тие планови да се доставаат до Владата каде ќе се стави една општа програма и кога ќе пресметаат колку пари и кога ќе се даде тоа за самопридонес, бидејќи дадовме веќе ние во локалната управа треба сите^ние да дигнеме прст да дадеме пари. Да не чекаме само од Владата, затоа што Владата треба да земе од торбето да крај во вреќата. Ниту торбето дава, ниту вреќата има. Значи, да се направи еден општ финансиски план и да се изградат патиштата. Додека тоа не го направиме, дури тоа не го сфатиме дека е тоа вистината немаме ни патишта ни реконструкција на патиштата

X/1/cj/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Само ве молам да внимаваме за што расправаме. Добро, ама ова врска нема со ова тема.

Има збор господин Никола Апостолоски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:**

Бидејќи никој не се јавува за дискусија пред усвојување на самата програма предлагам еден работен заклучок во кој ќе се има во предвид да програмата од 19 92 година, во целост се реализира напоредно со програмата за 1993 година,мислам оние патни правци кои што беа предвидени до 199 2 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници,јас веќе учествував во дискусијата по програмата за изградба на патишта во РМ и навистина имав што да кажам за патниот правец Струмица - Штип, меѓутоа исто така бидејќи во Струмица не се само пратеници од СДСМ има и пратеници и од другите пратенички групи и навистина очекував дека тие и тие ќе учествуваат и навистина ќе ги изнесат проблемите на патот Струмица - Штип меѓутоа за жал тоа не го почувствуваа и не го приметивме и тоа останува на самите граѓани на Струмица да размислуваат на идните избори за кого ќе гласаат и какви пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трајан Мицевски.

X/2

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Јас не требаше да се јавувам повторно, а се јавив повторно затоа што господинот се јавува повторно сака да не залаже дека со регистрацијата на возилата придонесувал тој крај повеќе. Јас нејќам тоа да го негирам, ако се правело тоа, ако одиме по тоа јас знам дека парите се собираат од потрошената енергија во Републиката во општината и во градовите, а не од регистрација на возилата Ако одиме на регистрацијата Битола има два пати повеќе од таму регистрации, па досега не се правеше во Мариово, па се правеше, и ние не зборувавме за тоа, и пат нека се прави и за Струмица само да имаме предвид дека Мариово е регионот кој што спаѓа во Битола каде што досега не е правено ништо и не велиме дека отплаќаме ние. Ние два пати повеќе потрошуваме, ако велиш ти дека бензинската пумпа е направена и се трошело гориво. Од бензинска пумпа се троши гориво, не се трошат круши таму. Затоа така ќе биде. И не треба за тоа да го залажуваме народот оти. Оттаму се собрале многу пари.

Да не одиме на онаа другата работа, денес расправаме за програмата, за патишта, за градење на патишта, а не за правење на албанци, разбра, таму. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Ако не бара никој збор, тогаш го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на претресот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, нека седнат сите пратеници затоа што треба да видиме дали има доволно пратеници. Има доволно.

Кој е за, молам да крене рака?

За гласаа 62 пратеници.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласаше? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија во 1993 година.

Одлуката за потврдување на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција и одржување на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија во 1993 година заедно со извештаите на работните тела, мислењето на Владата на РМ и укажувањето од пратениците Петар Темелковски и Трајан Мицевски, Јаким Ивановски, Горѓи Котевски, Иван Иванов, Наум Симјановски и стенографските белешки од расправата на Собранието да се доставаат до Републичкиот суд за патишта.

Минуваме на **точка 26** - Предлог на одлука за одобрување на завршната сметка на приходите и расходите за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1992 година.

Предлогот на одлуката завршната сметка, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, ЗПК и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по- текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работа на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата за 1992 година.

Минуваме на **точка 27** - Предлог на одлука за одобрување на пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, градскиот и општинските совети за безбедност во сообраќајот на патиштата за 1993 година.

Предлогот на одлуката, пресметката, извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, ЗПК и Мислењето на Владата на РМ Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одобрување на пресметката за приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, градскиот и општинските совети за безбедност во сообраќајот на патиштата за 1993 година.

Минуваме на **точка 28** - Предлог на одлука за утврдување на Календарот за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Повремената комисија за изготвување календар на годишнини за одбележување на значајни настани и личности и ЗПК ви се доставени односно поделени. Владата на РМ предлага да се одложи разгледувањето на оваа одлука од оваа седница заради заземање на свој став по истата.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Еве, збор бара господин Митко Анастасовски, по општиот претрес, така ли господине Анастасовски?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Бидејќи не добив материјали,за празниците, предлог на одлука за утврдување на Календар за одбележување на годишнината на значајни

настани и личности за 1993 година. Само за 1993 година? Едно објаснување. Дали е само за 1993 година или воопшто празниците што се празнуваат во Републиката за значајни личности еден календар, така, (разговара со некој од пратениците) тој календар не е долгорочен, само за 1993 година ќе останеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, добро, поставивте прашање, некој е предлагач овде, ќе каже.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Благодарение на Киро Поповски дојдов до сознание дека (реакција на дел од пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Најискрено ви зборувам, најискрено не сум човек кој сака демагогија, апсолутно не сакам. Меѓутоа, незнам Комисијата дали пред-виде, јас ќе ви кажам што требаше да предвиди, бидејќи не го знам материјалот, дали требаше да се слави еден празник, сега на некого ќе му се направи ќефот,ама на некого нема да му се направи ќефот, јас тоа го знам сигурно, меѓутоа ќе кажам дека треба да има една дата требаше Комисијата да одбере, немаше ни кој да го предложи тоа, една дата за политичките затвореници од 1944 до кога траеше тој системот кога затвараа луѓе во оваа земја. Еден ден да се празнува на тој ден. (смеа во салата). Не се смејте и во Америка и во Франција и во Германија сега на тие што Хитлер во времето ги напиша и во источните земји тој ден е веќе ставен во календарите на нивните земји, а ние сега треба да бидеме

малку трезвени и еден ден таков ако не се може сега да го ставиме тогаш Комисијата која решава по тие прашања или во проширен состав или во исти да одбере еден ден со кој ќе се спомнат тие луѓе кои ги дале животите, лежат по затворите затоа што ние сега го имаме и затоа што ние работиме, затоа што имаше и жртви од затворите во Идризово до Голи Оток. Еден ден таков требаше да се одбере, според мене. Со тоа даваме почест на сите оние кои загинале во тие времиња, или можеби има некој жив.

Тоа мене ми беше прашањето затоа што ги немам добиено материјалите. И со една консултација сега со господинот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ Тошев дојдов до сознание дека не е даден таков предлог. За тоа сум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво, материјалот е испратен до пратениците на 30 април, до сите пратеници. Дали се случило некој друг да го нема освен господинот Анастасовски? .(од место Михаил Пановски кажува дека и тој не го добил материјалот). Ако има такви случаи оваа точка да ја одложиме за утре инаку сега нема да ја завршиме седницата. Материјал да земете од службите. Може да има некој амандман, јас незнам. Еве, господин Пановски исто така тврди дека не добил материјал. Да видиме, да не се случува, такви работи не се добри, треба да се проверат и да се види. Добро.

Ве молам, материјалот е испратен на 30 април, ве молам, секој на време да си ургира, немојте да ме доведувате во ваква ситуација сега.

Дали тоа се однесува и на следната, Предлог на одлука за основање комисија за одбележување на значајни настани и личности. Не се однесува на таа. Одиме по таа.

Минуваме на **точка 29** - Предлог на одлука за основање Комисија за одбележување на годишнини за значајни настани и личности.

Предлогот на одлуката и извештајот на ЗПК ви се доставен односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање Комисија за одбележуваше на годишнини за значајни настани и личности.

Минуваме на **точка 30** - Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 1992 година.

Извештајот за работата на Фондот, извештајот на Комисија та за труд и социјална политика и Мислењето на Владата на РМ Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за труд и социјална политика го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точка 31** - Извештај за работата на Службата за општественото книговодство на Република Македонија во 1992 година.

Извештајот за работата на Службата, извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Георгиев.

XI/1.-ПЈ/ЉР

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, и ако трпението е веќе на границата, сметам дека би требало по точката која што е на дневен ред на одреден начин да пристапиме онака како што и заслужува од причина што посебно делот на извештајот за работата на Службата за општествено книговодство се однесува за работата на една служба, која што во основа е формирана во времето кога и можеше да егзистира, односно да го штити, или да ја штити општествената сопственост, а тоа се и функциите што ги остваруваше самата Служба. Поаѓајќи од тоа дека Службата посебно во делот на извештајот во основа се осврнува само на со закон утврдените задачи и обврски, јас сум за тоа, сепак, да не оддолжувам, нема да ги коментирам нејзините обврски што се однесуваат во делот на работата на платниот промет, евиденцијата и статистиката, информативно аналитичките работи и работите од контролата односно за работите од економско финансиската ревизија. Проблемите што ги истакнува Службата се присутни, посебно сакам да укажам на она што мислам дека треба посебно да се потенцира денес кога расправаме по извештајот на мерките што се предлагаат од страна на Службата за надминување на сегашната состојба и она што го има изградено како мислење Влада та на Република Македонија в делот на загледувањето на самиот извештај. Сметам дека мислењето на Владата во основа е контрадиктор од она што и самата служба го предлага, посебно во делот на надминување на проблемите што ги има во Службата или за самата работа на Службата.

XI/2.-

Во претпоследниот став на мислењето на Владата се упатува на тоа дека Службата во наредникот период своите функции треба да ги прилагоди кон пазарот односно пазарниот начин на стопанисување и трансформацијата на одреден начин да ја предложи самата служба. Сметам дека делот на мислењето, посебно овој став не држи од причина што не може службата сама за себе да предложи трансформација, туку трансформацијата треба да произлезе од законите што треба да се донесен за уредување на работите што треба да се остваруваат во делот на обврските на државата. Само со закон можат да се извршат одредени промени, а тие промени треба да упатат на одредени девијантни појави што денес на одреден начин се одвиваат во нашиот дел, посебно во делот на стопанството. Сведоци сме за девијантни појави, посебно во остварувањето на областа на прометот, појавата на сивата економија која што почнавме сега веќе да ја регистрираме во колку проценти таа учествува во редовното работење. Шверцот ни е веќе близок секојдневно присутен, а на одреден начин во мислењето за сите овие работи што службата ги има како надлежност се дава една преодна оценка. Во мислењето Владата јасно требаше да ги прецизира кога и како ќе се реоранизира Службата а тоа упатува на тоа дека Владата нема визија во делот на разрешувае на овие проблеми што сега се присутни во делот на остварувањето на стопанските активности, а секојдневно од сите страни се упатени према Собранието, према Владата, према сите три делови на власта одредени критики за нефункционирање на делот на системот што ние сега го изградуваме, а тоа е делот на остварувањето на пазарниот начин на стопанисување. Сметам дека не може ништо позитивно да се каже, а посебно Владата во мислењето упатува на тоа дека позитивно се остварени или позитивно ја има остварено својата функција СОК во делот на платниот промет. Имаме веќе одредени согледувања кои што упатуваат на тоа дека

платниот промет во Републиката, посебно во односот со плаќањето со другите држави не е уреден како што треба, затоа што таа обврска или таа дејност, таа работа ја оставивме да е уреди во рамките на СОК, иако се упатуваше на тоа дека апсолутно таквата обврска не е добро што е уредена во Републиката на тој начин што Службата треба да биде носител на остварување на платниот промет во односот со другите држави. Тука се потенцира во мислењето дека во Словенија дека е најдобро уредена таа обврска. односно таа можност стопанските субјекти да вршат плаќање, сметам дека треба да се укаже на тоа апсолутно дека и не се остварува плаќањето, бидејќи цели две години плаќањето со Република Словени се остваруваше така како што не треба да се остварува. Со донесува на законот за девизно работење се утврди колку се остварувало тоа плаќање со Република Словенија од кога мораа стопанските субјекти на одреден начин да го уредат начинот на плаќањето со другите држави, тогаш се виде дека плаќањето во основа се остварувало со носење пари во готово и на одреден начин со резидентни сметки, а утврдено е дека преку резидентните сметки плаќањето е извршено сосема малку или незначително. Се цени дека изгубила РМ само во делот на плаќањето со Р. Словенија некаде околу 3,5 милини долари затоа што плаќањата се вршени на друг начин, а не онака како што е уредено во другите држави.

Делегацијата од Република Словенија укажа на тоа дека РМ со уредувањето на начинот на плаќање преку СОК не е соодветен партнер кој штоп може да бидеа за односите да се уредат во врска со плаќањето, затоа што н чинот на плаќањето во Република Словенија е сосема на друг начин остварен, а сега се обавуваат плаќањата преку други банки односно Австриски банки и затоа овие трошоци дополнителни за нашите стопански субјекти.

Изнесувајќи ги овие забелешки, не навлегувам во работата на Службата, или како Владата на одреден начин ќе ги уреди овие односи, дали ќе ја користи Службата како помошно тело да и предложи, бидејќи во еден дел од Извештајот Службата упатува на тоа дека има готови законски проекти итн., туку во основа да се задолжи Владата по итно да му предложи на Собранието законска регулатива што ќе ги уреди овие односи и на соодветен начин да почнат да функционираат во нашиот систем а да се отклонат сите слабости кои се присутни веќе во делот на нашето работење. Заради тоа предлагам од име на Либералната партија мислењето на Владата да не се прифати, бидејќи не е соодветно на самиот извештај и сметам дека Владата треба да си го преоценки своето мислење, да не се гласа за извештајот на СОК и Владата да пристапи кон предлагање на законски прописи што ќе ја уредат оваа материја. Доколку Владата го повлече мислењето сметам дека со тоа се прифаќаат нашите предложи а доколку не предлага Собранието да се изјасни по нашите предлози што сега: јас ги предложив во редовна процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господини Поповски Киро

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очигледно претходниот дискутант дискутираше за мислењето на Владата а не по извештајот на СОК. Предмет на усвојување овде е извештајот на СОК. Матичната комисија за мислење по Извештајот е Комисијата за финансирање и буџет која позитивно мислење дава за извештајот на СОК. Сите сугестии и забелешки што беа дадени, веројатно држат имаат основа и тие се поместени во извештајот, а и во констатациите

констатациите на Комисијата што го гледала овој Извештај. Доколку Мислењето на Владата на пратеникот не му е прифатливо не мораме да го прифатиме Мислењето на Владата, ние го прифаќаме извештајот на СОК со препорака на Комисијата надлежна во ова Собрание. Не знам што е спорно тука. Цело време се спореше мислењето и оценката што Владата дава по извештајот, а всушност за нас е битно што мисли надлежната комисија на ова собрание и самиот извештај што е понуден, не спорејќи ги предлозите што пратеникот ги даде во однос на потреба од брза трансформација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот кој е содржан во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Четириесет пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (5 )

Дале е некој воздржан? (7)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на **<u>точката 32</u>** - <u>Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија во 1992 година.</u>

Извештајот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за труд и социјална политика и мислењето на Владата ви. се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Никола Крстески.

XI/6.-

**НИКОЛА КРСТЕСКИ :**

Ние не сме биле добро, имаше и предлог од Петар на заклучок на Собрание, а се занимаваме со мислењето на Владата кое има помошен карактер. Имаше предлог да се задолжи Владата да донесе нов закон да го регулира платниот промет. Инаку, како што реков и блокажа постои преку банка на Трст се регулира со Словенија, па преку Кипарска банка и сл. Заклучок изворен,оригинален дополнително да се гласа, едно е прашање извештајот за работењето, друго предлогот на заклучокот да се донесе нов закон за да го регулира платниот промет. Инаку, излегува дека ние автоматски го поддржувам пречутно мислењето на Владата. Значи, има потреба од нов закон за регулирање на платниот промет во држава Македонија. Да се стави формално на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам,, за се овде што се кажува треба секој да размислува кога тоа се кажува и додека е постапката_во тек. Друга работа е што сега односот на силите во Собранието е таков денес да се донесе одлука, политички став да не се менува ништо и да се чека кога службата сама ќе си предложи и со тоа остануваме последна земја со служба за општествено книговодство.

Господин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Вложувам процедурален протест за начинот на кој претседател на Собранието, користејќи ја функцијата на претседател ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ве молам да ја напуштите говорницата. Покренете го прашањето на одговорност на претседателот. Дотогаш немате што да протестирате овде. Не. Соберете 20 потписи. Само така се разговара

за тој што ја води седницата. Само на тој начин. Соберете 20 потписи и дојдете, одговорноста на претседателот. Ве молам да см седнете таму. Не може да правите провокации. Вие сте само пратеник овде. Само сте пратеник, ништо повеќе. Овде сте пратеник како сите други, ништо повеќе.(Никола Поповски реагира од место)

Тоа е сосема во ред, тоа сосема го прифаќам. Тоа само може. Не. Вие го злоупотребувате Поповски, седнете си таму. Ве молам. Не. Јас само констатирав дека не може после. Ве молам седете си таму. Вие само си седите вие, седнете си, седеите си, ќе ја прекинам седницата заради тоа.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Мислењето на Владата е спротивно на Уставот. Овластен предлагач на закони е пратеник, Влада и 10 илјади избирачи. Сметам дека оставањето на овој платен промет сами да го регулираат е спротивно мислењето дадено во Владата на Уставот на Македонија. Доколку. Владата не даде иницијатива, ние во рамки на Собрание треба да донесеме нов закон. Бидејќи по стручност се претпоставува Владата, се остава извесно време, ние потоа треба самостојно како пратеници односно како собрание. Под Собрание се подразбира и Стручната служба. Треба дамата служба општествена да си регулира, да се трансформира, тоа е спротивно на Уставот. Ние имаме и друг случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нема што да расправаме за тоа. Таа точка ја завршив Јас само констатирав овде дека интервенцијата на Крстевски не е во ред и јас не можам да ставам на гласање предлог на еден пратеник кога во писмена форма не ние доставена и констатирав дека е усвоен заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата каде не се

предвидува Владата да дава предлози на закони. Ете само тоа. А со тоа останува Службата. Затоа ја прекинувам седницата, ќе продолжиме во петок во 10, часот.

Ги молам сите пратеници да водат сметка во 10 часот бидат присутни,зашто ќе има списоци да се потпишуваат кога овде.

(Седницата заврши во 17,00 часот.)